## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕПКИ

## од Второто продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 мај 1999 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала за седници, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи во салата присуствува мнозинството од пратениците исполнети се условите за работа на Собранието.

Денеска ќе продолжиме по утврдениот дневен ред околу Предлогот за донесување на Законот за измени и дополнување на Кривичниот законик, што минатата седница заклучивме дека треба претставникот на Владата, односно министерот или неговиот заменик да дадат свои видувања на Предлогот што ни го предложија овде.

Од седницата денес отсуствува претседателот на Собранието господинот Саво Климовски.

Ме извести господинот Борче Србиновски дека ќе биде отсутен, меѓутоа во овој момент имаме две пратенички групи со странски пратенички парламентарни групи кои имаат преговори и разговори, па затоа тие 15 колеги се отсутни оправдано.

Во овој момент го повикувам заменик министерот Положани, да го изложи предлогот околу измената и дополнувањето на Кривичниот законик.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, сега додека сум првпат на оваа говорница, еве дозволете ми да изнесам едно кратко експозе по однос на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот закон на Република Македонија.

Се работи за една иницијатива во прва фаза за изменување на Кривичниот законик на Република Македонија.

Донесувањето на законот за изменување и дополнување на Кривичниот закон, пред се резултира од потребата за прилагодување на нашето казнено законодавство, кон модерни нови решенија на современи тенденции во казнените законодавство или на меѓународен план.

Како што е познато Кривичниот закон содржи повеќе инкриминации со кои се покриени новите форми на криминал, но не постоењето на комплементарна законска регулатива, што за свој објект ќе ги има, особено, превентивните и контролните инструменти, секако ја оправдува оценката дека тоа значи ставање најголем акцент врз зајакнување на казнено - правниот систем. Додека, помал прогрес се забележува во другите сфери, вклучувајќи го и давањето на значење на сеопфатна стратегија за превенција на корупцијата. Како што е познато Собранието на една од претходните пленарни седници го утврди Нацрт - текстот на Законот за превенција за спречување на корупција, кој е сега во јавна дискусија.

Инаку, предложените измени и дополнувања на Кривичниот закон сега во оваа фаза значи претставуваат една комплементарна целина со претходно предложениот закон за спречување на корупција, кои секако не можеше и не се држи кривични дела туку само прекршочни казнени дела. Токму затоа, поради принципот на кодификација на планот на Кривичниот законик треба да се изврши проширување на кривично - правната одговорност за делата на корупцијата.

Освен тоа причина за донесување на законот, значи за изменување и дополнување на Кривичниот закон на Република Македонија претставува и потребата од измени на законски дефиниции, кои ја прошируваат одговорноста на некои дела против службената должност во однос на корупцијата, кај инкриминациите против честа и угледот, кај инструментите за плаќање каде се предлага санкција за издавање на акцептен налог без покритие и редакциски одредени дополнувања на кривичниот законски текст.

Инаку, измените мотивирани со потребата од ефикасна интервенција и репресија на корупцијата, пред се произлегуваат од аспект на корупцијата како проблем на развиените земји и земјите во транзиција. Значи, корупцијата не е само предмет на третирање на земјите во транзиција, туку и во развиените земји и те како и кај нив се уште се соочуваат со инкриминација на корупцијата.

Современиот период кон феноменот на корупцијата и организираниот криминал како нејзина неизбежна рамка се помалку се потпира при утврдувањето на корелациите помеѓу неразвиеноста, односно развиеноста и корупцијата и се ориентира кон истражување на односите помеѓу корупцијата и бирократизацијата, арбитрарноста, волонтаризмот, непотизмот, рестрикциите во стопанството и преголемата секако регулација, непостоењето на јавна контрола и т.н., односно кон семожни некои фактори што немаат фаталистичка природа и што можат да се неутрализираат на некој начин.

Појавата на корупцијата во земјата во транзиција, како и во другите земји во транзиција, има значително поразорно дејство за разлика од земјите во по изграден и по соодветен и по конзистентен правен систем, не како во земјите во транзиција тоа се одразува многу по негативно. Значи, во споредба со овие другите развиени земји и тоа со тие кои имаат стабилизирана пазарна економија и со развиен демократски систем и дури конзистентен правен систем, какви што се земјите од Западна Европа. Инаку, по

диктатурата корупцијата претставува можеби најсериозна закана за демократијата, правната држава и човековите права и тоа не е само наша оценка, тоа е позната оценка.

Затоа, корупцијата не е само облик, туку и круна на еден организиран криминал, неговата развојна фаза што означува колапс на заштитните механизми во државите. Инаку, во сите законодавства се казнува поткупот на јавните службеници. Се казнува активното и пасивното поткупување, односно како оној што го дава, така и оној што го прима поткупот по однос на поткупот на вработените во приватните компании, законодавствата се инаку поделени. Во повеќе од нив поткупот не се казнува, не постои јасна тенденција за напуштање на ставот за не казнувањето. Значи некаде се оди само со задржување на политичката одговорност.

Реформите во казнените законодавства и создавањето унифициран казнено - правен модел на корупцијата се поттикнати и со активности на самата организација на Обединетите Нации. На овој план интензивираните активности на Обединетите нации резултира со донесување на неколку резолуции, пред се, од економско социјалниот совет и на Генералното собрание. За Република Македонија, особено се релевантни активностите на Советот на Европа, чиј што совет на министри уште во 1994 година формира една посебна мултиплицирана група за корупција, која инаку подготви две конвенции што ги опфаќа казнено -правните аспекти на корупцијата и рамковната конвенција против корупцијата како специфична конвенција, конкретна, посебна што содржи контролни и надзорни инструменти за примена на преземените обврски од страна на земјите членки на Советот на Европа чиј што член сме и ние.

Основа за поставување на казнено - правниот модел на корупцијата претставуваат и меѓународните документи, што секако не е ни чудо. Така, казнената конвенција против корупцијата усвоена од Советот на Европа во 1998 година ја дефинираше корупцијата како дејствие на примање поткуп, на лица што имаат определена одговорност во јавниот или правниот сектор, со кој тоа лице ги повредува обврските што произлегуваат со неговиот статус. Секако, како службено лице приватно или самостоен агент со цел за стекнување не заслужена добивка од било каков вид за себе или за друг.

Потребата од проширување на казнено - правната основа на борбата против корупцијата, што ќе биде во дослух со барањето на нејзиното ефикасно сузбивање и со решенијата и тенденциите во современите казнени законодавства и ставовите на Меѓународната заедница е од повеќе димензионално значење. Јавноста во Република Македонија во последните неколку години беше речиси секојдневно соочена со голем број на корупциски афери, а тоа ние овие денови и посебно го забележуваме во рамките на остварувањето на заклучокот од ова Собрание во спроведувањето на јавната дискусија по повод Нацрт - законот за спречување на корупција на одредени трибини, како со одредени субјекти од научна сфера, од локалната самоуправа, од судскиот систем од обвинителствата и т.н.

Советот на Европа и Европската унија јасно го условија процесот и брзината на интегрирањето на Република Македонија како и другите земји во транзиција во европскиот круг, секако се резултати во сузбивањето на корупцијата и другите облици на криминал, што особено ерозивно делуваат врз правната држава и значат криминализација на власта и државата.

Предложените измени и дополнувања на Кривичниот закон, како и донесувањето на Законот за спречување на корупција, секако нема до крај да ги разрешат сите прашања на поставување на ефикасен систем на сузбивање на криминалот, таман работа ако ние тоа со донесување на овие законски решенија го успееме, ние тогаш би биле за посебни награди од меѓународен аспект, меѓутоа, дел од нив заедно со другите превентивни инструменти секако ќе придонесе за поставување на еден ефикасен систем за сузбивање на корупцијата.

Еден дел од овие решенија заедно со законодавните основи на борбата против организираниот криминал воопшто треба да бидат предмет на амунициозна анализа од аспект на потребата за донесување на соодветни решенија и во Уставот. Сега, имаме одредени почетоци на согледување на извесни потреби и за иницирање на одредени решенија во самиот Устав. После, секако, ќе дојде и до индикативни можности за предлагање за измена на одредени решенија и во самиот Закон за кривичната постапка. Сега, измената во тој закон е во процедура. Законот за јавното обвинителство овие денови од Владата ќе се достави Предлог – текстот за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство. Потоа, одредени регулативни решенија од област на внатрешните работи. Во регулативната која се однесува на управата

за јавни приходи и други регулациони акти. Тие треба секако да бидат насочени во правец на едно зголемување на ефикасноста во откривањето пред се, на делата на корупција со прифаќање на одделни решенија, кои веќе станаа не само препорачувани мерки, туку и составен дел на законодавствата на повеќе држави.

Сега неколку напомени по однос на конкретни решенија кои се нудат. Инаку, во фаза на предлог ва донесување на закон за изменување и дополнување дури и не е потребно да се даваат конкретни предлози и решенија, туку би било доволно кога сето тоа, како иницијатива би се проискажало само низ одредени тези, само поради тоа добро да се забележи целта на предлагачот и законодавецот во кој поглед треба во понатамошната фаза на целата постапка за донесување на еден законски акт, да може да се

произнесат и други различни ставови. Така, тука и позицијата и опозицијата мислам дека треба да се многу комотни за произнесување на свои предлози и сугестии и решенија. Значи, не се работи за една поддршка само на еден текст кој се дава, туку за целосна расправа, која ќе му придонесе на подготвувачот најсериозно и најтемелно да ги согледа сите можни решенија кои ќе ги вгради потоа во постапката. Тоа не е само за овој закон, туку и за другите предлози за донесување на закон.

Со овие предложени измени и дополнувања, кои почнуваат од членот 7, став 1 на Предлогот на законот за изменување и дополнување на членот 122 од Кривичниот закон, се проширува поимот на службеното лице со опфаќање и на претседателот на Републиката, што значи дека иако одговорноста на претседателот е уредена и со Уставот, поблиску членот 87, таа не ја исклучува неговата одговорност на случај на извршување на казнено дело во вршењето на службената функција.

Со членот 7 став 2, со опфаќањето на странското службен лице во поимот значи во дефиницијата во концептот на службено лице се овозможува едно пошироко простирање на извештајниот круг кај одделни дела кога е тоа изрично определено со закон. Проширувањето на извршителскиот круг кај овие дела е наметнато и од потребата за јакнење на меѓународната солидарност и соработка во спречувањето на казнувањето на корупцијата, со цел да се елиминираат можностите за остварување на слободен не казнет простор, поради ограничената примена на националните казнени законодавства. Значи, се работи за обврски за солидарност кон други субјекти, учесници во самата конвенцијата за против корупцијата.

Во ставот 3 се работи за исти аргументи што зборуваат во прилог на прифаќањето на поимот на странско службено лице ја налагаат потребата од внесување на поимот на странско правно лице, конечно, дефинирање. Делата на корупцијата можат да ги извршат одговорните лица во странски правни лица, а можат да бидат извршени во корист или на штета на странско правно лице.

Со ставот 4 од тој член 7, се работи за една ургенција проширување на казнената одговорност за дела на корупција и дека не може да се заобиколи одговорноста на странски и правни лица, во ситуации кога делата ги тангираат интересите на Република Македонија, нејзини граѓани или домашно правно лице. Во членот 7 став 5, со донесувањето на нов поим во нашето казнено право се покрива една празнина настаната со поларизација на поимите на службено и одговорно лице кои досега ги имавме како концепти. Тука се работи, имено за дејности со закон определени како дејности од јавен, односно посебен општествен интерес, без оглед на обликот на организираност и карактерот на сопственичките односи.

Во членот 37 инкриминацијата на злоупотреба на службената положба и овластувањето се е тоа поврзано со членот 353 од Кривичниот закон се проширува и врз злоупотребата на овластувањата или должностите на одговорното лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или пак врши дејност во Република Македонија, можеби преку некоја филијала или како агент или лица што вршат работа од јавен интерес. Опфаќањето на казнената зона како опсег на простирање и на овие лице е и на линијата на по ефикасно сузбивање на корупцијата на која и е секако иманентна злоупотребата на посебната службена или друга положба на лицето.

Во член 38, се работи за проширување на извршителскиот круг понатаму на делото измама во службата поврзано исто така со членот 355 од Кривичниот закон, а исто така тоа е мотивирано од причините за едно статуирање на казнената одговорност на овие лица за делата на злоупотреба, односно на дела поврзани со примање на поткуп.

Член 39 казнување за примање поткуп, конкретно, поврзано со член 357 од Кривичниот закон на овие лица е ограничено на дејствија што се поврзани со стекнување, остварување или одземање право утврдено со закон или заради стекнување корист или нанесување штета на друг. Со тоа се повлекува една линија помеѓу поткупот и други можни не казнени дејствија, што не се поврзано со такви последици кога се работи за поткупување за акции и т.н. Членот, пак, 40 се однесува на казнување на давањето на поткуп, исто со член 358 од Кривичниот закон и кореспондира со определувањето на известителскиот круг на примање на поткуп.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

Член 41, тоа е нов облик на делото, се работи за противзаконито посредување поврзано со член 359 од Кривичниот закон со кој е инкриминирано тргувањето со влијание, се работи за еден нов облик, ново дело тргување со влијание, значи со нечиј авторитет за некое дејствие. Тоа, не само по однос на службени лица како постојното решение, туку и другите лица што се појавуваат како извршители на примањето поткуп. Секако, потешкиот облик на делото е веќе првиот дел од ставот пет од тој член.

За измените во правец на една по ефикасна заштита на честа и угледот, сега е еден друг круг на измени, основна причина е тоа што цениме дека се работи за една загрижувачка состојба во заштита на честа и угледот како особени значајни човекови добра и на правото на приватност, како едно од елементарните човекови права. Таквата оценка може да се аргументира со бројни примери, особено од судските предмети за делата против честа и угледот извршени преку средствата за јавно информирање и т.н.

Во членовите 11, 12, 13 и 14 се предлагаат измени и дополнувања во однос на определувањето на минималните износи на паричната казна во зависност дали кривичното дело е навреда или јавна навреда, а кај кривично дело клевета предложено е тие износи да бидат зголемени.

Уште малку би го задржал Вашето внимание по однос на некои други измени и дополнувања на Кривичниот закон, а кој се однесуваат на следното:

На пример, во членот 8 се работи за вршење на функција на судија, јавен обвинител или адвокат, ја наметнаа потребата од нивна казнено - правна заштита. Со што се дополнува делото убиство поврзано со членот 123 од Кривичниот закон со овие субјекти, бидејќи во практиката нивните животи често се изложени на опасност. Во истиот член се предлага делото убиство да се дополни со нов став на квалифицирано убиство со казнување на тој што ќе лиши од живот две или повеќе лица, тоа беше недостаток до сега во нашиот казнено – правен систем.

Во членовите 16, 17 и 18 измените се однесуваат на преземање на гонењето. Измената во членот 184, став 2 од Кривичниот закон е од причина што овој вид кривични дела значат заштита на честа и угледот и токму заради тоа што се работи за Претседател на државата треба во секој конкретен случај ако е делото сторено против неговата чест и углед, самиот да одлучи дали ќе бара заштита на честа, угледот или правото на приватноста, како едно од елементарните човекови права.

Исто така се предлага гонење по предлог и за кривичното дело силување со член 188 санкционирано од Кривичниот законик и за делото обљуба над немоќно лице со член 187 од Кривичниот законик. Со оглед што овие дела како објект значи внатрешност на заштита ја имаат слободата на личноста на полови, половни односи и општите морални сфаќања што за свој објект ги имаат тие полни односи.

Членот 26 од Предлогот за пристапување кон изменување и дополнување на Кривичниот закон заради актуелноста на проблемот на загаденоста, од аспект на екологијата, на човековата животна средина посебно се однесува на риболовот, поради што доаѓа во прашање заштитата на рибниот фонд и неговото намалување до критични граници, заради употребата на ловење риби со недозволени средства со кои се уништуваат рибите, ја наметна потребата од интервенција во казнено -правната заштита на риболовот. Така, делото незаконски риболов од членот 229 од Кривичниот закон се предлага да биде дополнет со други средства со кои е забранет риболовот. Како што знаете од порано од поранешната СФРЈ основниот закон за риболов содржеше и казнени одредби и кривични дела во самото казниво дело на таа регулатива, меѓутоа по сите тие казнени одредби од кривична материја се пренесоа во кривично законодавство на Републиките и тогашните покраини. Со ова сега го дополнуваме инкриминирањето на ова кривично дело, кое се однесува на заштита на рибниот фонд.

И во членот (33), се предлага како ново кривично дело издавање акцептен налог без покритие, од причина што во пракса документот акцептен налог е наполно девалвиран како средство за плаќање, никој до сега не одговарал за негова злоупотреба.

Има и други интервенции кои се од редакциски карактер, што не значи дека во натамошната фаза на подготвување, доколку Собранието се определи да се пристапи кон донесување на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот закон на Република Македонија, нема да се извршат и некои други измени. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на заменик министерот за неговото излагање.

Господа пратеници, по неговото излагање ако некој има потреба и смета дека треба да земе учество во разработка на овој проект (реакција од салата дека не се слуша) техниката секогаш ќе ни биде слаба страна.

Ако има некој да се јави за збор нека повели.

Има збор господинот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Пратеничката група на СДСМ во согласност со својата определба да ги поддржи сите усогласувања на домашното законодавство со меѓународните конвенции му дава целосна поддршка на Предлогот за донесување закон за измени и дополнувања на Кривичниот закон, затоа што во најголем дел ова се всушност усогласувања со меѓународните конвенции било за превенција на криминалот, било за спречување на корупцијата.

Независно од тоа што овие промени доаѓаат мошне споро по донесувањето на сосема новиот Кривичен закон на Македонија во досегашната пракса се покажа дека има потреба од негови измени и дополнувања, со што беше започнато практично уште во претходниот период и во таа насока сметаме дека ова е продолжување во една добра насока и правење на тие измени кои истовремено ќе ја обезбедат и превенцијата и подоброто третирање на криминалот во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ако нема повеќе пријавени за збор, предлагам Собранието да го донесе следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон

за изменување и дополнување на Кривичниот закон.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тала, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достават до Владата на Република Македонија и до Министерството за правда.

Ве молам да гласаме за предложениот заклучок.

Петнаесет секунди се доволни по знакот да гласате.

Вкупно гласале 63 пратеници од кои за Предлогот гласале 62 пратеници, а еден воздржан.

Констатирам дека е усвоен заклучокот на оваа седница да се заклучи дека Собранието донело одлука овој проект да се донесе и сите забелешки да се достават заедно со мислењата на Владата на Република Македонија.

Преминуваме на Седумнаесеттата точка - Предлог за донесување на Закон за обезбедување на лица и имот.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Го повикувам претставникот на Владата господинот Драги Гроздановски, заменик министер за внатрешни работи.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Почитувани, да бидам искрен не очекував дека потпретседателот ќе ме повика, а се работи за прва фаза Предлог за донесување на Закон за обезбедување на лица и имот.

Надлежните собраниски комисии го гледаа законот, забелешките се доставени, се надевам ако се отвори расправа и Вашите забелешки ќе бидат прифатени, а причините, основот, образложението се дадени во текстот кој благовремено Ви беше доставен и очекувам дека во втората фаза ќе расправаме кога амандмански ќе предлагате и се надевам дека она што Вие ќе го предложите ќе биде составен дел на овој Закон.

Во интерес на времето, сметам дека е ова доволно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на заменик министерот.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, во сите развиени демократски држави агенциите за обезбедување лица и имот се реалност, а дејноста се врши под одредени строги услови и критериуми со дозвола и под надзор на надлежен државен орган.

Водејќи сметка за нашето уставно уредување и специфичност во дефинитивното обликување на предложениот закон, добро е до крај да се искористат долгогодишните позитивни искуства на повеќе држави. Специфичноста на оваа дејност, како и постоењето на потенцијална опасност за нејзино задирање во законските ингеренции на поедини државни органи, укажува на потребата од јасно дефинирање на одредбата во Законот со која се забранува субјектот кој врши обезбедување да склучува договори за работи од надлежност на државните органи.

Исто така, треба да се преиспитаат одредбите на членот 2 од Предлогот кој дејноста на обезбедувањето на лица и имот ја формулираат како дејност од јавен интерес и да се преформулира и испита членот 3 во смисла дали регистрирањето на правните лица кои ја обавуваат оваа дејност, треба да се врши согласно Законот за трговски друштва.

Исто така потребно е да се преоцени степенот на повереноста на правните лица кои ќе ја обавуваат оваа дејност во однос на МВР и статусот, улогата и надлежностите на Комората на Република Македонија за обезбедување лица и имот чие основање се предвидува со Предлогот за донесување на овој закон.

Потенцијална опасност во оваа дејност преставува употребата и примената на средства за присилба, за која цел работниците за обезбедување имот и лица можат да бидат вооружени. Во таа смисла треба да се допрецизира членот 21 став 5 со кој се утврдува обврската на правното лице во рок од 24 часа да го извести МВР за употреба на огнено оружје, односно да се дополни со обврска на правното лице веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа да го извести МВР за употребата на огненото оружје.

При донесувањето на подзаконските акти предвидени ш Предлогот, како што се Програмата и начинот на полагање стручен испит, образецот на легитимацијата за лицата кои вршат обезбедување и начинот на нејзино издавање, а особено за видовите и типовите на огнено оружје за потребите на правните лица кои вршат обезбедување, министерот за внатрешни работи, односно Министерството за внатрешни работи треба посебно да водат сметка за соодветно нормативно регулирање на овие прашања и строго придржување кон одредбите на законите со кои се регулирани наведените прашања. Во спротивно може брзо да се судриме со девијантни појави, злоупотреби и надминување на надлежностите

што е и не допуштено, бидејќи со надлежностите од оваа дејност се задира во физичкиот и моралниот интегритет на човекот, кои според Уставот се неприкосновени.

Да се преиспита должината на рокот за донесување на подзаконските акти од шест месеци наведени во членот 39 од Предлогот, во смисла на негова практична примена.

Доколку се имаат во предвид сите овие забелешки во врска со Предлогот на законот за донесување на Закон за обезбедување на лица и имот, Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој предлог. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Ако ми е дозволено само едно појаснување.

Господинот Љубомир Поповски е претседател на Собраниската комисија за надлежност над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање. Сите овие забелешки во писмена форма се доставени до Вас почитувани пратеници, тие беа изнесени на таа Комисија.

Во интерес на времето, тоа се ставови на таа Комисија, јас и на таа Комисија кажав дека забелешките ќе бидат разгледани и очекуваме дека добар дел од нив ќе бидат прифатени, вградени во втората фаза на овој Предлог на закон.

Значи, идејата беше за по оперативно и по ефикасно работење на Собранието, инаку можевме да го прочитаме уводниот дел од Законот, но ќе Ви одземевме многу време.

Ви благодарам и се извинувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на замениковт.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му го предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за обезбедување на лица и имот.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тала, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достават до Владата на Република Македонија и до Министерството за внатрешни работи.

Ве молам да гласаме за предложениот заклучок.

Вкупно гласале 74 пратеници од кои 71 гласале за, двајца воздржани и еден против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Минуваме на 18-та точка — Предлог за донесување на Закон за детективската дејност.

Предлогот за донесување на законот и извештите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за детективска дејност.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да бидат доставени до Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Бидејќи никој не бара збор, предлагам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници.

72 пратеници гласале за, 1 пратеник е воздржан и 1 пратеник е против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на 19-та точка - Предлог за донесување на Закон за службените печати во Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, предложениот текст за донесување на Закон за службените печати на Република Македонија е еден од позначајните предлози, од причини што регулира една многу важна и суштинска материја, како што е формата, содржината и текстот на службените печати во Република Македонија. Од тие причини Пратеничката група со должно внимание се посвети на содржината на овој текст, иако тој по содржина и по обем е многу краток.

Имајќи го предвид досегашното искуство во оваа област односно законските решенија со кои досега беше регулирано ова пршвање, а тоа е Законот за печатот на СРМ и печатите на државните органи на СРМ донесен во далечната 1964 година. Имајќи ги предвид одредбите на Законот за локална самоуправа во делот каде што се регулираат прашањата на употребата на јазиците на националностите, а пред се одредбите на членот 89 ставот 2 и 3 и одредбите на членот 90 и пред се имајќи ги предвид одредбите на Уставот на Република Македонија во делот на членот 7 ставовите 2 и 3, со кои се регулира прашањето на употребата на јазиците на националностите, ние имаме одредени забелешки по однос на содржината на овој текст.

Најпрвин морам да ја искажам вашата не согласност со начинот на кој се толкува одредбата од членот 7 по однос на употребата на јазиците на националностите, од причина што толкувањето на оваа одредба се стеснува само на употребата на јазикот само во органите на единиците на локалната самоуправа, што значи употребата на јазиците на националностите функционално се операционализира, а не и територијално. Но, предмет на денешна дискусија не е тоа прашање, иако реков дека имаме недоразбирање по однос на тоа, туку всушност понатамошната деградација на одредбата на членот 7 став 2 и 3 со предложениот текст на Законот, односно Предлог за донесување Закон за службените печати на Република Македонија.

Во членот 11 од истиот каде се регулира содржината на печатот, меѓу другото во ставот 1 вели: "Содржината на печатот се испишува на македонски јазик и неговото кирилично писмо". Понатаму одредбите на ставот 2, одредбите 1, 2 и 3 и т.н., се регулира начинот и содржината на текстот на печатот како тој треба да изгледа, па сходно на тоа во третата алинеја на тој став 2 меѓу другото вели: "Во третиот, односно во другите, односно другите концентрични кругови е испишано името и седиштето на единицата на локалната самоуправа на јазикот и писмото на националноста која е во мнозинство, односно името и седиштето на организационата единица или дел од организациона единица, во член 9 став 2 од овој закон. Ваквиот начин на регулирање на оваа материја, прашањето на употребата на јазикот на националностите го сведува само на можноста единиците на локалната самоуправа своите печати во третиот круг да можат да го пишуваат само името на општината, односно единицата на локалната самоуправа и нејзиното седиште и на јазикот и писмото на националноста што значи текстот на печатот ќе биде исклучиво на македонски јазик и покрај јасните одредби на Уставот членот 7 ставот 2 и 3. Тоа е едниот проблем кој претставува кршење на одредбите на Уставот, односно регулирање на ова прашање под стандардите кои ги гарантира Уставот на Република Македонија.

Второ, по прашањето на ставање надвор од можноста на употребата на јазиците на националностите, согласно ставот 2 односно 3, на членот 7 од Уставот на Република Македонија, односно единиците на локалната самоуправа, каде што националностите се во значителен број, се исклучуваат од било каква употреба на својот јазик во делот на употребата на службените јазици, што е во спротивност со одредбите од Законот за локална самоуправа, каде што се прецизира ова прашање. Значи три прашања, според нас, се надвор од постојната регулатива, од Уставот на Република Македонија од 1991 година и од Законот за локална самоуправа.

Предлагаме предлагачот на Законот т.е. Министерството за правда на Република Македонија, во натамошната доработка на Предлогот на Закон за службените печати на Република Македонија, суштествено да ја измени содржината на членот 11 и да се дополни со уште еден став, каде децидно ќе биде кажано дека содржината на печатот во единиците на локалната самоуправа каде националностите се во мнозинство или во значителен број се пишува и на јазикот и писмото на националноста која живее во соодветната општина, односно единицата на локалната самоуправа. Ваквата содржина како што се нуди во текстот на Предлогот за донесување на Закон за печатите на Република Македонија, не само што не ги задоволува минималните аспекти на прашањето на употребата на албанскиот јазик во конкретниот случај, туку е и надвор од уставната регулатива која го регулира ова прашање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Зибери.

За збор се јави пратеникот Јонуз Абдулаху.

**ЈОНУЗ АБДУЛАХУ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, причините од кои треба да се донесе Законот за уредување на материјата, се однесува на печатот на Република Македонија како државно - правен субјект и печатите на државите органи од законодавната, судската и извршната власт се јасни и како такви се прифатливи.

Но, причините останува недоволно јасни за уредување на печатите и на единиците на локалната самоуправа, ако не за друго барем по однос барем по закон да се регулира и тоа прашање. Може да се каже дека се прифатливи и основните начела на кои се заснова законот, но со извесна резерва поради законската можност печатите на одредени субјекти покрај обавезната содржина да имаат и специфична содржина, како израз на субјектот во локалната самоуправа.

Исто така на предлагачот може да му се стави замерка поради тоа што во Предлогот на донесувањето на овој закон нема ниту едно објаснување на поставено прашање, зошто досега во периодот од 35 години оваа материја не

е уредена, или по конкретно зошто барем за овој период од 8 години, од периодот на осамостојувањето на Република Македонија останува уверување дека за ова прашање ќе се даде одговор, ако не за друго барем поради неговата индикативност, бидејќи не се наметнува сомневање дека е тешка и чувствителна материја за уредување, а по се изгледа нема доволни сознанија за компаративни решенија. Но сеедно, сега сме во прилика да ја уредуваме оваа материја, а со тоа пред нас е и обврската за нејзиниот нецелисходно уредување. Бидејќи ова е прва фаза на донесување на овој закон, тогаш сметам дека е нејпогоден момент за давање предлози и сугестии, како по однос на материјата која е предмет на уредување, како и во самиот текст на овој предложен закон, а се со цел најсоодветно да се нормираат односите и прашањата од оваа материја.

Имено, сметам дека доста задоволително е искажан опсегот, односно самото опфаќање на материјата како предмет на нормирање, со извесни резерви по однос на еден дел од материјата која би можела да се препушти за уредување со други општи акти, како на пример со статутот на локалната самоуправа. Меѓутоа, после општите одредби во кои се дава или треба да се даде објаснување за основниот предмет на уредување со овој закон и разјаснување на поимите државен печат и другите службени печати, неопходно е целата нормативна композиција преку примена на повеќе утврдена правна техника, да се оди на разработка. Со ова сакам да укажам на потребите, преку соодветниот методолошки пристап да се оди на нормирање на односите, сегмент по сегмент и таму каде што е неопходно да се изврши диференцијација по однос на неколку видови на службени печати, односно спрема субјектите, а во заеднички одредби би можеле да се уредуваат односите и прашањата од ист карактер, што е правно технички најцелисходно и најрационално.

Сега мој коментар по однос на поедини одредби од предложениот текст.

Членот 2 со кој се има намера да се утврди поимот на службен печат, ваков како што е предложен не задоволува, бидејќи истиот поим би важел и за печатите на другите правни субјекти во општеството, од тие кои учествуваат во јавните претпријатија, фондациите и другите субјекти кои ги основа државата, а посебно печатите на јавните установи. Дури и поимот јавна установа не е јасна категорија.

После општите одредби материјата за нормирање треба да има соодветен редослед: Најпрвин да се уреди се што е специфично за државниот печат, а потоа материјата за печатот на државните органи, законодавната, судската и извршната власт, а потоа печатот на јавните претпријатија и другите правни субјекти, чиј основач е Република Македонија.

На самиот крај сметам дека треба да следат одредбите за рамковното уредување на печатот на единиците на локалната самоуправа. На овој начин законодавецот најсоодветно ќе ги нормира односите и прашањата во врска со содржината на печатот и другите карактеристики во однос на печатот, на различните субјекти кои се назначени во член 3 од предложениот текст за донесување на Закон за службени печати во Република Македонија.

Според тоа, на овој начин најсоодветно би се уредувала материјата во однос на државниот печат и печатите на другите субјекти од државната власт, а потоа најопортуно би се изразувале целите на законодавецот за рамковна содржина во печатот на јавните претпријатија, фондациите, јавните установи, чиј основач е Република Македонија, како и рамковната содржина во однос на печатите на единиците на локалната самоуправа. Имено законот треба да уреди само рамковна содржина посебно по однос на печатот на единицата на локалната самоуправа, како на пример израз на припадност на Република Македонија, а се друго во содржината на текстот и димензиите на печатот и другите специфичности, покрај на македонски јазик и на јазикот на националностите да се остави како предмет на уредување во согласност со овој закон, Законот за локална самоуправа и на другите закони.

Посебна забелешка имам на член 11 од овој Предлог на закон за службените печати во Република Македонија, бидејќи не само да не задоволуваат во нормативен опфат туку внесува забуна во неговата противречност со другите уставно - правни решенија. Имено не се земени предвид одредбите од член 7 од Уставот на РМ, а уште помалку одредбите од член 88 од Законот за локална самоуправа од 1995 година, како и другите закони и прописи, кога се во прашање јавните претпријатија, јавните установи чие седиште е во единиците на локалната самоуправа.

Интересно е дека во нормативната пракса, барем досега некако намерно или од незнаење доста редуцирано е разработено во самата примена уставната одредба од член 7 член 2 и 3 од Уставот на РМ. Така наместо уставното решение во единиците на локалната самоуправа редуцирано се аплицира, како да се мисли на решение кое би се однесувало само за органите на единиците на локалната самоуправа, при што се занемаруваат одредбите од член 114 до 117 од Уставот на РМ, дека единиците на локалната самоуправа имаат свои подрачја определени со посебен закон.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, денес сме сведоци на една појава кога се предлагаат и во фаза на донесување закони кои третираат прашања околу обемот, нивото на употребата на мајчиниот јазик. Тука веќе Законот кој се предлага за нас, за мојата пратеничка група за мене е крајно рестриктивен, толку рестриктивен што не знам зошто и како може

толку негативно да се интерпретираат и одредбите од Уставот од Законот за локалната самоуправа и толку е рестриктивен и ако се земе во однос на историски континуитет во однос на употреба на албанскиот јазик во одредени закони, односно во некои одредби на одредени закони.

Во овој случај имаме Предлог за донесување Закон за службените печати во Република Македонија. Добро е да се знае дека печатот се употребувал и пред 4.500 години, добро е да се знае дека печатот го употребувале и во Вавилон и Асирија и Египет, добро е да се знае дека во римско време помалку се употребувал печатот, а повеќе потписот. Исто така, добро е да се знае дека во средниот век печатот пак е во функција во Франција и Англија и исто така добро е да се знае дека денеска благодарејќи на компјутерите, на тоа што значи интернет, телефакс, телекс и т.н., се помалку се употребуваат печатите. Меѓутоа не е добро да се знае денеска во еден ваков историски континуитет кој се однесува за Албанците во Република Македонија толку рестриктивен закон да се предложи пред ова Собрание во фаза на донесување. Зошто велам така? Затоа што читајќи книги, читајќи закони односно проверувајќи гледаме дека во врска со ова прашање не можеме така лесно да ги заобиколуваме работите, затоа што и во време кога ние сметаме на еден добар политички потенцијал, или партиски потенцијал во Република Македонија на Албанците, тука да не се предложи еден закон кој навистина во одредена мера и провоцира и тоа провоцира до таа мера што не можеме ама баш апсолутно да се сложиме со еден ваков предлог. Зошто? Читајќи ја книгата која го опишува, односно дава информации за континуитетот на правата пишувани во многу акти на Албанците во Република Македонија од 1945 година и наваму од г. Милосавлевски и г. Томовски. Таму многу јасно се гледаат, а жалам што е така, мислам во однос, во споредба со овој закон што се предлага уште во 1964 година многу подобро и како ниво и како обем се употребувал мајчиниот јазик, односно албанскиот јазик после македонскиот јазик во мешани средини или во средините каде што Албанците живееле во мнозинство, или во значителен број.

Исто така, многу подобро се регулирала истата работа со Уставот од 1974 година. Така што навистина не можеме да прифатиме денеска кога сме потписници, односно се надеваме дека набрзо ќе потпишуваме и повелби и акти кои ќе кореспондираат, односно ќе бидат компатибилни со актите на Европската Унија, односно Советот на Европа денеска да ни се понуди ваков текст. Навистина со најдобра намера велам дека тие што предлагаат ваков закон и тие што имаат намера да усвојуваат ваков Закон за печати навистина прават голема грешка, односно прават голема провокација, која ама баш со ништо не кореспондира со целите и патот кој го одбравме како Република Македонија кон асоцирање во Европска Унија и во други меѓународни институции. Затоа што предложениот закон, односно одредбата 11, членот 11 од овој Закон пак ќе ги провоцира проблемите што ги имавме пред неколку години. Вие знаете дека само едно противење за ваков печат еднојазичен во тие установи посебно во училиштата. Само да ве потсетам во основното училиште "Лирија" во Скопје 5 наставници беа политички диференцирани, само со тоа што не сакаа да прифатат печат во основното училиште, односно во училиштата да биде двојазичен.

Сега со овој закон тоа право, ние уште еднаш значи промовираме нешто што не кореспондира со тоа што се аспирации, односно амбиции на Албанците во однос на употребата на јазикот. И не знам зошто кога е предложен текстот и не знам од кого е работен овој текст, ако е работен овој текст од службите на Министерството за правда, ми се чини дека од првиот човек на ова министерство, односно од првите луѓе како да се заобиколени, односно само да се спомнуваат нивните имиња, јас не верувам и не сакам да верувам дека првиот човек на ова министерство, како предлагач Министерството за правда можеше да дозволи едно крајно, толку крајно негативно толкување на другите акти, врз основа на кои треба да се донесе еден ваков закон. Затоа што ова не го дозволува ниту Уставот член 7, ова не го дозволува ниту Законот за локална самоуправа, ова не го дозволува и тој континуитет на акти, односно закони кои ја регулираат оваа материја. И нека бидат овие наши излагања, односно наши забелешки само дотолку уште еднаш да се размисли и во овој закон да не се оди со таков член, со таква содржина како што е членот 11, туку барем во оваа фаза да се почитуваат тие повелби за регионалните јазици, па нека се почитуваат конвенции, нека се почитува континуитетот, нека се почитуваат тие акти односно законски акти кои се се уште на сила во Република Македонија. И секогаш сме кажале, дури и Уставот кога не е донесен и откога не се гласаше од пратеничката група тогаш на ПДП, сепак се велеше дека може да се продолжи понатаму, но под услов тие сугестии кои ги добивавме од другите стручњаци од надвор, може да се продолжи под услов да се интерпретираат позитивно, односно да се интерпретираат позитивно Уставот и законите во Република Македонија, во одредени членови кои ја регулираат материјата од употребата на јазикот.

Би завршил со ова дека не би сакал да верувам дека со овој закон некој сака да го запечати, со Закон за печатот да го запечати тоа што значи употреба во ниво и обем на

мајчиниот јазик, во овој случај и во проблематиката што регулира употреба на печатот.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Влада, почитувани пратеници, ќе бидам краток со оглед дека координаторот на нашата Пратеничка група го соопшти ставот на нашата партија во врска со предложениот закон. Но, ќе морам овде јавно да го искажам моето незадоволство од тоа што денеска ни се нуди од страна на Владата за решавање на еден проблем кој подолго време се провлекува. Уште повеќе моето незадоволство и мојот револт е во тоа ако се земе во предвид дека токму оваа коалиција излезе на изборите со паролата за промени и тоа позитивни промени во смисла првенствено на релаксирање на меѓунационалните односи и не само декларативно, туку нормативно. Дури се отиде до таму да оваа коалиција и првиот човек на Парламентот многу транспарентно соопшти дека, работи и ќе работи дури и во промената на Уставот во смисол на јасно дефинирање на позицијата на албанскиот јазик во Република Македонија. Но за жал, ако денот се познава по утрото, ова утро ни е сосема тмурно. Јас се прашувам во кој правец навистина ќе отидат промените ако воопшто се започнат промените на Уставот, кога веќе овој постоечки Устав вака се интерпретира и вака сака да се операционализира.

Мислам дека овој тек на настани, овој начин на решавање на проблемите на употребата на албанскиот јазик во Република Македонија ништо добро не ни кажува. Ние и понатаму остануваме со убедување дека ќе се најдат сили за отворените политички прашања, за кои ние свесно во моментот ги оставивме на страна со оглед на ситуацијата во која се наоѓаме и сакаме до крај да придонесеме за стабилизација на ситуацијата и очекуваме и се надеваме дека, ќе имаме по релаксирани односи и ќе решаваме за овие проблеми во сосема мирна атмосфера и навистина да најдеме решение кое ќе биде прифатливо за сите Албанци во Република Македонија.

Јас ви благодарам и останувам со надеж дека во конечниот текст кога ќе дојде пред ова Собрание, ќе биде битно променет и тоа во полза на нашите сугестии кои денеска ги даваме.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, мислам дека во врска со оваа точка на дневен ред кога имаме Предлог за донесување на Закон за службени печати во Република Македонија воглавно моите претходници ги кажаа сите забелешки и укажувања што треба да се имаат во предвид во втората фаза на изготвување на дефинитивниот текст на законот.

Впрочем, во духот на она што по моите информации е расправано и на надлежните комисии за оваа проблематика, посебно на Законодавно -правната комисија, бидејќи очигледно без да се расправаме сега тука, доведено е во прашање непочитување, односно овој закон по мене не е усогласен со Уставот на Република Македонија, кога се работи за член 7 за употреба на јазиците на националностите во Република Македонија, како и со Законот за локална самоуправа. Затоа предлагам и инсистирам во втората фаза предлагачот ако не му е целта да провоцира малку како ќе реагираме, во наредната фаза да ги има во предвид овие наши укажувања и навистина овој закон да биде по квалитативен и да ги има вградено во себе уставните определби околу употребата на јазиците во Република Македонија, односно член 11 да се усогласи со член 7 од Уставот, она што на некој начин беше и укажано.

На крајот мислам дека и во иднина треба уставните определби и членови да ги толкуваме со една позитивна енергија, а не со негативна и да одиме напред, а не да одиме назад, во духот на она што беше и досега кажано. Така што при предлагање на такви чувствителни законски решенија кои имаат влијание и допирни точки со меѓунационалните односи, мислам дека навистина треба да се води сметка, бидејќи на никому не му треба во оваа држава да имаме сега некои рестриктивни права и т.н. И уште повеќе кога тие се во колизија, или директна конфронтација, или не усогласени со меѓународните акти за кои Република Македонија и овој Парламент се определил дека ги прифаќа во целост и дека ќе ги има во предвид при предлагање на тие законски решенија.

Да не должам, мислам дека треба да се имаат во предвид овие наши укажувања при дефинитивниот текст на овој закон, а со оглед на тоа што е наша определба партиска и програмска ние да се залагаме и ќе се залагаме за службена употреба на албанскиот јазик и во далеку повисоки инстанции и институции во наредниот период. Но, бидејќи сега имаме конкретен предлог за конкретен закон, предлагам да се имаат во предвид и во втората фаза да бидат вградени овие наши укажувања, за што јас мислам дека Владата ќе најде разбирање и ќе ги вгради во дефинитивниот текст.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Навистина денес расправаме за една мошне интересна и значајна проблематика, која има свој континуитет уште од 1942 година па наваму. Интересно е да се напомене и фактот дека во образложението се кажува дека за време на Вавилонија како царевина и

т.н. имало печати. Меѓутоа, би требало и би било пожелно да се наведат и на какви јазици биле објавени, односно тие печати. Јас веднаш да ви одговорам дека тие печати биле тројазични на акатски јазик, сунарски и асирски. Исто тоа било случај и кај Тутмос I, Тутмос III во Египет. Меѓутоа, тоа е минато, нека остане во аналите на историјата.

Што се однесува за овој проблем за кој денес разговараме би било пожелно дури сега да кажат претставниците на Министерството за правда, како може да се реши позитивно овој проблем, со таа позитивна енергија што беше прикажана за време на изборите, па сигурно и во науката дури би погрешиле кога би кажале дека има негативна енергија, затоа што тоа и не постои. Во друга насока сакам да кажам и еден друг факт дека уште од 1942 година во мојот крај имало дипломи добиени од институциите во Република Македонија, како Народна Република Македонија, односно се уште во процесот на војна дипломи и свидетелства на албански јазик, 1950 година исто така, 1964 година исто така што и мојата диплома е со мајчин јазик и има печат исто така на мајчин јазик.

Јас не сум компетентен да го толкувам Уставот, но сум прочитал доста книги и сум компетентен да кажам и што рекол Ниче, ако не е гарантирано со нашиот Устав, тогаш тоа право е гарантирано со Уставот на бога и законите на природата. И мора да сфатиме еднаш за секогаш дека, печатите и сличните работи за кои ние денес расправаме треба да се ослободат од разни дефиниции, аксиоми, математики и геометрии и не знам што и треба навистина во нив во тоа поле на печатот што значи секогаш ограничување дури и на правата на луѓето, на човекот, треба да се уфрлуваат анимираниот, гестикулативниот, нечујниот, чујниот, пасивниот, активниот, говорниот, пишуваниот и јавниот дел на животот. Заради тоа што денес влегуваме уште за неколку месеци во третиот милениум, навистина би било чудно ние во срцевината на Југоисточна Европа ако би немале смелост да кажеме дека, дури немаме потреба и за печат. Секој човек го носи својот печат, својот потпис.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Почитуван господине потпретседател, почитувани пратеници.

Ова е прва фаза на предлагање на законот. Кај нас е вообичаена една номотехника при Предлогот за усвојување на закон, предлагачот да подготви еден прелиминарен текст, макар што можеби ако поразмислиме тоа и не е најсреќното решение, затоа што тогаш функцијата на законодавниот дом е потисната во втор план во некоја рецензентска позиција на предлозите и формулациите што доаѓаат од Владата.

Предлогот за донесување на закон, нема да кажам ништо ново е тука за да ги објасни основните идеи, основните решенија што законот треба да ги содржи, а дали тие ќе бидат формулирани на овој или на оној начин, тоа е резултат на интеракцијата помеѓу предлагачот и пратениците кои расправаат за тие решенија. Предлагачот, се разбира врз основа на тие сугестии ќе ги до разработи решенијата кои се недоволно јасни, спорни и т.н.

Меѓутоа, токму денешната расправа покажа дека ние всушност и за овој закон, Законот за печатот и други закони каде што се допираме до прашањето за употребата на јазиците на националностите всушност учествуваме во еден процес на градење на некои стандарди, а тие стандарди не се токму така јасно формулирани и вградени, иако имаше повикување на уставната одредба од членот 7 став 2 и 3, за кое знаеме дека е предмет на две различни толкувања. Едно екстензивно толкување во територијална смисла и едно по рестриктивно толкување во функционална смисла.

Врз основа на тие две толкувања се развиени одделни законски решенија кои се присутни во нашето законодавство. Јас ќе ги посочам кои се тие во Законот за локалната самоуправа и определена практика. Практиката во основното образование е практично да имаме двојазичност и повеќе јазичност како последица на тоа дека основното образование со преминот од комуналниот систем во новиот систем на локална самоуправа, основање на јавните установи и т.н. има друг статус за разлика од поранешните функции на поранешната општина во областа на образованието добиваат некоја друга позиција и од тука настануваат спорови. Дали општините се основачи на установите во сферата на основното образование или е тоа државата, дали се тие во територијална смисла дел на тоа што Уставот го регулира како право за употреба на јазикот во општините на локалната самоуправа и т.н.

Се разбира дека за тие прашања понатаму треба аргументирано да се дискутира, а сега би поминал на примерот каде што низ нашето законодавство досега е изразен рестриктивниот пристап. Тоа е Законот за локалната самоуправа.

Јас ќе ги прераскажам одредбите од Законот за локалната самоуправа. Во членот 88, тие ви се познати, меѓутоа ќе си ја земам таа слобода поради подобра аргументација на она што сакам да го кажам да потсетам.

Во член 88 Законот ги регулира прашањата за тоа што се смета за единица на локална самоуправа во која припадниците претставуваат мнозинство, став 1 став 2, тоа е значителен број, тоа е процентот од 20%.

Во членот 89 Законот ја регулира употребата на јазикот на националноста која е во мнозинство или во значителен број на седниците на Советот и другите органи на единиците на локалната самоуправа. Во став 2 исто така во мнозинство или во значителен број по односот на Статутот, одлуките и другите општи акти, но тука Законот запира и развива два става. Кога се работи за јавните служби, јавните установи, јавните претпријатија што ги основала единицата на локалната самоуправа во која во мнозинство живеат граѓаните припадници на на националноста и т.н., во службена употреба покрај македонскиот јазик е и јазикот и писмото на националноста. Значи во единиците во кои во мнозинство живеат граѓаните на определена националност и тоа само во јавните установи, служби што ги основала единицата на локалната самоуправа, а не јавните установи и служби чиј што основач е Републиката.

Другиот стандард по однос на другите единици во кои што мнозинство живеат граѓаните припадници на одредени националности, тука употребата на јазикот е прашање за кое одлучува, во другиот дел не зборувам за Статутот и другите општи акти и слично, јавните служби и т.н. е прашање за кое одлучува Советот на единицата на локалната самоуправа.

Кога доследно оние стандарди би ги пренеле во Законот за печатите, јас сега отворено расправам, дискутирам за овие прашања, не велам дека се определувам за еден или друг став, и затоа не би сакал никој да ме импутира дека настапувам рестриктивно или екстензивно во врска со ова прашање, ние би требало да кажеме "да" може печатот да биде и на јазикот во два или во повеќе коцентрични кругови во зависност од колку националности живеат во одредена општина кога се работи за Статутот, одлуките и другите општи акти што ги донесуваат органите на таа единица, затоа што бездруго ако статутот е напишан не само на македонски, туку и на друг јазик, треба тој статут исто така да биде двојазичен или повеќејазичен.

Додека по однос на другите служби може да биде во употреба таков печат ако за тоа одлучи Советот на единицата на локалната самоуправа.

Зборот ми е за тоа дека веќе е востановена една определена логика на некои консеквентни решенија, решенија кои би морале да бидат консеквентни на Законот за локалната самоуправа. Едно друго, се разбира читање, препочитување, претпочитување, со давање на Уставот што можело да доведе до некоја друга логика во сите овие прописи, добро е да се расправа за тие стандарди. Јас ги уважувам и овие аргументи кои беа изложени, особено на определени стекнати права и слично во областа на образованието кои ние некако упорно ги одбегнуваме, двојазичноста на службените печати во образованието и слично и ве уверувам дека Министерството за правда ќе се погрижи мошне внимателно сите дадени сугестии да ги елаборира, до крај ќе ги провери и потоа да излезе со предлог за Предлог на закон, кој ќе биде во согласност со аргументите кои држат и кои се на линија на уставното решение во членот 7 и веќе востановените стандарди во Законот за локалната самоуправа, така што верувајте дека тоа прашање е воочено во член 11. Не дека не е воочено, ние очекувавме дека ќе се отвори ваква расправа и треба да ја најдеме сега во таа расправа основата за предлагање на решенија кои нема да значат создавање на некои нови контрадикции внатре во нашето законодавство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам на министерот Камбовски.

Збор има господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, претходните дискутанти биле јасно децидни за конкретниот Предлог на Закон за службениот печат во Република Македонија. Не чув од ниеден дискутант досега, колку што можам да следам, ниту еден не рекол дека предложениот закон заправо е врз база и основа на Уставот на Република Македонија. Дали воопшто Собранието на Република Македонија треба да расправа за ваков Предлог на закон. Ако досега сите службени Печати биле во употреба во мешаните средини двојазично, тогаш што сака да се постигне со овој предлог на закон. Или пак ќе се уважи, односно овозможи старите печати да се чуваат и да се употребуваат и во конкретниот случај, во мешаните средини да се покажува непослушност на употребата на службените печати? И дали до ова треба да доаѓаме. Или уште едно друго прашање. Дали е времето, или пак најпогодно време е вакви рестриктивни закони да се донесуваат, со кое секако се сака да се узурпира правото кое не е во надлежност на предлагачот.

Од 2 август 1944 година, од Заседанието на АСНОМ наваму сите позитивни законски акти и сите службени печати кои биле во употреба во мешаните средини биле двојазични. Ова што го рече министерот Камбовски даде надеж дека забелешките ќе можат да се применат, но сепак голема е грешката што уште во почетокот, во предлогот тие забелешки не се предложени во Предлогот на законот. Воопшто нема потреба да се расправа кога законот не е врз основа на важечките позитивни уставни одредби, членот 7 одредбите 2 и 3 од Уставот на Република Македонија каде што се регулира употребата на јазикот на националностите.

Јас лично ќе гласам против ваквиот предлог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитувани пратеници и јас исто така мислам дека овој закон како што е предложен е спротивен на Уставот на Република Македонија

посебно членот 7 од нашиот Устав. Мислам дека предлагачот сакал и печатот да стане државен симбол. Тоа е голема грешка за денеска, а и за иднината, бидејќи државни симболи се само грб, знаме и химна. Мислам дека треба да се ослободиме од другите акти, да не ги врзуваме со државноста, односно со симболите на државата.

Мене сега ми е жал, но сакам да прашам дали може освен Уставот да биде основа за некој ваков закон само основа за закон е основниот Устав, а не некој друг закон, како што зборуваме сега, Законот за локална самоуправа. Се цитира како уставен основ само членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија. Тоа значи дека овој закон ќе биде еден од самостојните закони на Република Македонија и може да се регулира така како што ќе сака самиот Парламент.

Мислам дека Парламентот на Република Македонија ако не може да оди понапред со демократијата треба да се врати на демократијата од 1964 година и да прифатиме текст за јазикот на печатот истиот тој што бил во тоа време.

Ние ќе бидеме позадоволни, бидејќи тој текст е подобар отколку новиот текст.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Жал ми е што министерот за правда не е тука, но сепак сметам дека проблематични се неговите ставови во однос на начинот на кој ги толкува уставните одредби на Законот за локална самоуправа.

Како што истакна мојот претходник иако основ за донесување на еден закон не е врз основа на друг закон, туку врз основа на Уставот и по однос на прашањето на употребата на јазикот, тоа е член 7 во случајот ништо друго. Но, ми остава впечаток дека предизвика потреба да предизвика полемизирање со толкувањето на член 7 од Уставот, од причини што треба да смогнеме сили, оваа Влада да смогне сили и членот 7 да го толкува точно како што пишува во текстот на таа одредба, а не да се остави во сферата на шпекулациите дека постојат две тези за тоа што всушност значи членот 7 и тоа територијалниот и функционалниот принцип.

Имаше обиди кога се носеше Уставот на овој начин, како што се применува, за жал и од претходната Влада и од претходната коалиција, а тоа е функционалниот принцип и уште кога се носеше Уставот точно во Нацртот на текстот на Уставот пишуваше после ставот 1 на постојниот член 7 дека во органите на единиците на локалната самоуправа каде што националностите се во мнозинство, односно значителен број, покрај македонскиот јазик во службена употреба е и јазикот на националноста. Но, и тогаш беше одбиено и за среќа и прифатено од тогашното Собрание таквиот начин на регулирање на член 7 да претрпи измени, односно функционалниот принцип да се исфрли и да важи територијалниот. Затоа не случајно сега не се истакнува дека покрај македонскиот јазик кој е во органите на единиците на локалната самоуправа е и некој друг јазик, туку едноставно вели во единиците на локалната самоуправа, а единица на локалната самоуправа подразбира народ, територија, институција и установи кои постојат во дотичната територија и дотичната единица на локалната самоуправа и сосема е јасно.

На крајот на краиштата суштината на постоењето на правото на употреба на јазикот и на друг јазик, во случајот покрај македонскиот јазик не е во постоењето на установи, органи и единици на локална самоуправа, туку во постоењето на одредена националност, одреден народ, одредени граѓани кои зборуваат поинаков јазик од оној што е службен, во случајот македонскиот јазик.

Ние сме доведени во смешна ситуација, во иста зграда еден дел каде што се лоцирани органи на локалната самоуправа во употреба да биде еден или два или три или повеќе јазици, а во истата зграда каде што се лоцирани подрачните единици, или некој друг орган, или јавна установа од републички карактер тоа да не биде иако се наоѓаат во иста зграда на иста територија живеат исти луѓе како во случајот што е. Тоа сакам уште еднаш да го потенцирам дека таквиот начин на толкување може и понатаму Собранието со мнозинство гласови да го апплицира, но не сметајте дека сте не убедиле дека е тоа така. Уставот во случајот е доста концизен.

Уште една причина која ме поттикна на некој начин да реплицирам со министерот за правда, а тоа е тезата која е присутна перманентно да се толкуваат одредби на акти кои се донесени пред оваа Влада, како по рестриктивни виза ви актите што се носат сега, што во случајот на донесување на закон за Предлогот за донесување на закон за печатите не е. Камо среќа да е така. Во случајот не е, туку напротив и одредбите на Законот за локална самоуправа во случајот се далеку по прогресивни и поголем капацитет на употребата на јазикот апсорбираат, отколку што е случај со дотичниот текст за кој расправаме. Министерот заборави да истакне, или намерно заборави дека дури во членот 90 став 3 се овозможува написите на културните и образовните установи кои служат за развивање и унапредување на културните и образовните цели на националностите, покрај на македонски јазик да можат да се пишуваат и на јазикот на националноста, без оглед на процентот на националноста која живее во дотичната општина. Тоа значи дека може и во Битола, тоа значи може и во Прилеп, каде штоп националностите не се ни во значителен број, односно 20% согласно член 88 од Законот за локална самоуправа. И тоа е далеку, далеку по прогресивно регулирање на употребата на јазикот, како што заборави министерот да ги истакне и одредбите на став 2 од членот 90.

Да не зборувам за член 89, кој ги регулира овие прашања во единиците на локалната самоуправа, каде што националностите се во мнозинство. Патем, само ќе го цитирам ставот 2 и 3 од член 89.

"Статутот, одлуките и другите општи акти што ги донесуваат органите од став 1 на овој член се пишуваат и објавуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот и писмото на националноста која е во мнозинство или во значителен број".

Се поставува прашањето, доколку двојазично се регулира со статут прашањето на употребата на јазикот во соодветната општина, дали ќе биде во согласност текстот на Законот за печатите, односно дали тој печат кој согласно овие одредби се регулира ќе биде во согласност со одредбите на членот 89 од Законот за локалната самоуправа.

Се надевам дека министерот сепак ќе најде разбирање за нашите забелешки и нема критизерски да ги сфати. Всушност, суштината на оваа расправа е токму таа и предложениот текст ќе биде далеку поквалитетен во однос на капацитетот на употребата на јазикот на националностите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Процедурално. Имаме еминентен човек тука. Владо Камбовски е министер за правда на Република Македонија.

И покрај тоа што тој не е задолжен да дава законско толкување на Предлог законот за употреба на печатите во Република Македонија, од него би сакал едно: дали може да го толкува законот врз основа на Уставот на Република Македонија или ќе се обиде политичкото толкување на предложениот закон да го даде овде.

Доколку тоа заправо е и цел, на кого преостанува Уставот на Република Македонија да се штити. Дали е Собранието она што треба да го направи или е некој друг орган, државен, тоа така да го толкува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни, ова не е процедурално прашање, ова е прашање.

Сега како да го сфатиме, да се даде одговор или процедурално е за работа на Собранието.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас бев дециден и јасен уште на почетокот на дискусијата, дека е предложен Закон за употреба на печатите во Република Македонија, не е врз основа на Уставот на Република Македонија. Предлогот воопшто не е базиран врз основа на Уставот. Сега какво толкување ќе може да се даде на Предлогот за донесување на закон за службените печати на Република Македонија. Јас бев јасен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално е кога се однесува на работата на самото Собранието, а како кој мисли кажува од оваа говорница.

Ќе треба да се усогласите или да останете со различни мислења.

Толкувањето на законот го прави Собранието.

Кога е во прашање мислење, нема процедура.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе бев јасен и барам од министерот за правда д-р Владо Камбовски да даде толкување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, сега веќе имате барање.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

И Вас Ве почитувам како правник, но сепак од предлагачот на законот тоа го барам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално има збор Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Бидејќи во 13,15 часот членовите на Комисијата за здравство и јас како нејзин претседател имаме состанок со Канадската делегација, очигледно ќе го нарушиме кворумот во Собранието, предлагам пауза од еден час за да може да се обави тој состанок со Канадската парламентарна делегација.

Мислам дека сме на граница на кворумот, ако сега ние излеземе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам оваа точка да ја завршиме.

Ако нема други дискутанти ова ќе го ставиме на гласање.

Има збор господинот министер за правда д-р Владо Камбовски.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, прашањето повеќе го сфатив како заземање на некаква позиција во односа на дадените предлози, а не како прашање како јас ќе го толкувам законот. Прво законот, дај боже прво да го донесеме, па потоа ќе го толкуваме. Најмалку ќе го толкува министерот за правда, ќе го толкуваат други органи.

Ако сакате да го слушнете мојот став во однос на овие прашања што се покренати тој е следниот.

Министерството ќе ги прифати оние предлози што се на линија на веќе вградените решенија во Законот за локалната самоуправа, затоа што не можеме да создаваме во правниот систем контрадикции, спротивност меѓу еден и друг закон, дотолку повеќе процедурата за донесување на Законот за локална самоуправа знаеме која е, тоа е особено важен закон, а

сигурно сите флексибилни решенија во тој закон исто така не се доволно развиени во однос на употребата на службениот печат, со јазици, концентрични кругови и слично, на националностите кои живеат во значителен број, затоа што прашањето на единиците на локалната самоуправа кои живеат во мнозинство е горе - долу прифатливо, решливо е, поедноставно е. Во овој дел ќе отвориме и претходна расправа, се надевам, и аргументирано, мирно, ќе го развиеме и тој стандард во однос на единиците, каде што имаме националности кои живеат во значителен број.

Меѓутоа, не очекувајте дека преку овој Закон за службените печати ќе ги разрешиме сите прашања што ни лебдат околу употребата на јазиците на националностите, па ги допираат прашањата на употребата во постапката пред државните органи во единиците на локалната самоуправа, постојано ќе се допираме на тоа, реков во почетокот, различно толкување: дали членот 7 дава основа за еден таков пристап, некој го нарече со некоја позитивна енергија на толкување на дофатот, дострелот на таа одредба во територијална смисла или во функционална смисла, тоа ни министерот за правда не може самиот да го реши, ве уверувам, туку треба да биде резултат на една издржана расправа, политички одлуки, на ставови на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Повторно има збор господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Сепак, се виде расположението кон чекор напред, кон позитивата нема расположение.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Законите се гласаат овде.

Дали уште некој бара збор?

Констатирам дека никој не бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за службените печати во Република Македонија.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во Извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со Извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Ве молам да гласаме по предложениот заклучок.

Вкупно гласале 83 пратеници, за 73, 1 против и 9 воздржани.

Имаме предлог од господинот Никола Јованов, бидејќи една комисија треба да има состанок со делегација од Канада, дали да прекинеме или да го ислушаме гувернерот на Народната банка за наредната точка.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, се сомневаме во гласањето и го бараме листингот од гласањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете, овде се гледа дека гласале 83 пратеници, 73-1-9.

За поединечно гласање, дали имате поддршка од 10 пратеници.

Констатирам дека немате поддршка од 10 пратеници, туку од 8, значи предлогот не се прифаќа.

Листингот може да се умножи и да Ви се даде.

Сега да видиме дали да го ислушаме гувернерот или ќе направиме пауза од половина час.

(Повеќе пратеници се согласуваат да го ислушаат гувернерот).

Инаку, имаме доволен број присутни пратеници.

(Воведно излагање на гувернерот на Народната банка на Македонија се однесува на точките 20 и 21).

Преминуваме на Дваесеттата точка.

Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1998 година.

Годишната сметка на Народната банка, Мислењето на Владата и Извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Има збор г. Љубе Трпески, гувернер на Народната банка на Република Македонија.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, со оглед на времето и трпението, а и со оглед на фактот дека матичната комисија има позитивно мислење по двете точки што се сега на дневен ред, кои ги предлага Народната банка, сосема накратко само ќе дадам некои разјаснувања што на Комисијата се поставија како прашања. Овие разјаснувања ќе беа потребни, ако денес се разгледуваше и Годишниот извештај, меѓутоа за жал матичната комисија за монетарно - кредитна политика не стигна него да го

разгледа. Инаку, логичен редослед е прво Годишниот извештај, па овие две точки после него да одат.

Во поглед на прашањето за трансферот на буџетските средства од Народна банка во комерцијалните банки, или во деловните банки како поинаку се вика, Народната банка има позитивен став. Во историјата често се пренесувале овие средства од банките во Народна банка и обратно, во времето кога јас бев заменик гувернер исто така една акција се направи, се пренесоа од Народна банка во банките, а во времето кога се склучи првиот аранжман со Меѓународниот монетарен фонд се префрлија повторно во Народната банка, заради поголема сигурност и заштита.

Во секој случај, потребна е согласност за оваа работа од Меѓународниот монетарен фонд, бидејќи тоа е дел од аранжманите што ги имаме со нив. За сега кај нив постои двојство на мислење. Техничката мисија на Меѓународниот монетарен фонд е за префрлање на буџетските средства од Народната банка во банките, главната мисија се уште се двоуми и ќе видиме како ќе завршат преговорите во тој дел.

Во поглед на прашањето за воведување повторно на некоја селективна кредитна политика, сакам само да кажам дека селективната кредитна политика е својствена на социјализмот како општество. Ние го напуштивме тој систем. Во тој систем одредени комбинати да речеме во Македонија добро живееја на тоа, меѓутоа како што знаете во економијата нема бесплатен ручек, некој мора да го плати. Така, тоа што тие уживале со бескаматни кредити некој друг го плаќал. Сега тоа го нема и значи враќање назад и Народна банка ако се прашува, таа е против тоа.

Во поглед на висината на каматите на аукциите и јас се согласувам, високи се, меѓутоа, аукција е тоа. Се натпреваруваат одредени субјекти кој ќе ги добие средствата што се нудат на аукциите и тогаш кој понуди повисока камата, тој ги добива средствата. Само да кажам, почетната камата што ја нуди Народната банка во 1998 година била 11%, а стигнувале до 18% во таа трка меѓу банките кој ќе го добие тој дел што се нуди, односно во тие рамки што овој Парламент ги има усвоено за примарната емисија колку може да расте во текот на годината.

На прашањето зошто во оваа година во Финансискиот план нема планирано вишок, Народна банка не е профитна институција па да планира вишок. Ако планира вишок, тоа значи ние треба да ги дигаме каматите до небо, за да оствcurrуваме вишок на средства. Вишокот на средства произлегува од политиката што се води во текот на годината, а кои цели и задачи ги усвоил овој Парламент.

Според тоа, не може вишокот да биде планиран, заради тоа што тој не е во функција, Народна банка не е во функција да остварува вишок на средства, а вишокот што ќе се оствари го префрла во Буџетот и ако се случи некогаш Народна банка да оствари загуба, се покрива според Законот од Буџетот.

Имаше уште 2-3 прашања во врска со поголемото издвојување за основни средства од планираното. Тоа се должи на фактот што заврши стечајот на Банката за надворешна трговија и Народна банка доби во стечајната постапка згради, меѓу кои една е зградата до Народна банка и друга е оваа зграда наспроти Кино "Вардар" што не е довршена и мораше да се подигне паричниот дел на Фондот за основни средства, за да се затвори примарната емисија и еден дел, во рамките на вишокот на средствата, се префрла, се подарува на државата односно на Владата. Така, оваа зграда, ако денес ги усвоите овие точки, ќе може да се пренесе на Владата и таа да располага, дали ќе ја продава или ќе ја доградува, па ќе внесува некои министерства, тоа е нејзина работа понатаму.

Во однос на прашањето зошто е планирано повеќе издвојување средства за трошоци за печатење пари и дали тоа нема да делува про инфлаторно, сакам да ве убедам, трошоците, поголемите издвојувања се само за промена на веќе излитени пари. Имено, десетките, педесетките и стотките доста се абат при употреба и тие се повлекуваат, излитените и се заменуваат со нови. Затоа треба да се набави хартија, да се печатат. Овие со поголеми апоени, што се печатат во странство, ако продолжиме со ваква инфлација, во наредните 4 - 5 години, нема потреба воопшто да се печатат. Така што нема воопшто опасност за овој дел да делува про инфлаторно, бидејќи се работи само за замена на парите. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот гувернер.

Дали некој друг бара збор?

Ги повикувам пратениците кои се надвор да влезат.

Збор има Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Народната банка денеска нуди два документи и нуди една од најзначајните институции во општеството, јас би рекол четвртата власт што практично е финансиска и економска власт во државата. И во секоја држава било да е тоа високо развиена земја, со високо развиена пазарна економија, земјите во транзиција па дури и оние земји кои имаат планско производство, народната банка игра значајна улога и самостојна улога во таа држава. Таа улога ја има и кај нас зацртана во Уставот и можам отворено да кажам дека Народната банка на Македонија одигра

значајна улога во периодот на транзицијата за регулирање на финансиските токови во земјата, постигна голем успех во правец на смирување на инфлацијата, во создавањето на девизни резерви во државата, што, некаде во почетокот беа, така да речам нула, а исто така и во движењето на финансиските токови во државата.

И затоа, обично во Народната банка се концентрирани и најсилните умови во државата и тие, со своето однесување, со својата работа, придонесуваат дали некоја економија ќе биде успешна или не. Според тоа, во тој дел мора да се оцени работата на Народната банка како квалитетна и успешна.

Меѓутоа, во делот што значи високи камати во државата, Банката мораше да одигра позначајна улога во смирувањето и во водењето на една по рационална каматна политика.

Ова, што го кажа гувернерот, тоа доликува на земји со развиена пазарна економија, односно висока побарувачка, понуда, пазарна економија, високо производство, доволно капитал и т.н. Меѓутоа, не може во општеството да функционира само еден сегмент од пазарот, сегментот на понудата и побарувачката на капиталот и делот каде се нуди аукција на тој капитал. Бидејќи владеат недоволно пазарни услови во нашата земја, бидејќи сме ние земја во транзиција, земја што се определи за пазарна економија, а таа не функционира во онаа мерка во која што треба да биде присутна, излегувањето на пазарот на пари, аукциите, каде што има глад на пари, каматата од 4 - 5 - 6 пати е поголема отколку што се плаќа каматата на задолжителната резерва на банките.

Според тоа, мора Народната банка да изнајде други модалитети и други начини на пласирање на тој капитал, за да се смири порастот на каматите во земјата што се движи до 30-35%. Особено тоа треба да се има предвид сега кога се наоѓаме во една ваква состојба предизвикана поради војната во Југославија. И тука треба да се изнајдат нови модалитети, нови форми, нови начини за регулирање на тоа прашање.

Втората работа што сакам да кажам, Народната банка мора да има приходи за своето работење. Тоа е неспорно. Меѓутоа, приходите што се остваруваат со пласман на девизните резерви во разни банки во светот, мислам дека треба да се размислува тие приходи да одат за зголемување на девизните резерви, а не во потрошувачката. Заради тоа што тие се остваруваат од девизните резерви.

Трета работа за која сакам да укажам, ние еве носиме повеќе пати документи од сферата на финансиите и економијата кои базираат директно или индиректно, повторувам и индиректно на основите на макро економската политика што е донесена во државата. Таму, предвидовме еден офанзивен пораст на домашниот општествен производ од 6,5%. Во 4-те месеци се покажа силен пад на производството во државата. Тој тренд продолжува и се акумулира.

Според тоа, ние денеска се уште немаме ревидирана макро економска политика. Дали таа ќе се намали за 50%, дали ќе биде 1% или ќе биде минус 10, минус 20 или минус 30? Читаме разни податоци низ печатот. Владата мора да излезе со нова, ревидирана макроекономска политика за да, сите чинители во земјата што градат одредени документи, ја земаат во основа таа реална, објективна макроекономска политика.

И, четвртата работа, навистина, во ситуација кога имаме пад на производството, кога имаме ниско производство, освен 1998 година која што изнесува некаде 5%, со ваква ниска инфлација од 0,8%, цената е преголема што ја плати стопанството. Значи. дури не е остварена инфлацијата предвидена со макроекономската политика во 1998 година.

Според тоа, премногу е рестриктивна кредитно монетарната политика и јас би го замолил гувернерот, кој е голем стручњак во тој поглед, а имајќи ги предвид состојбите во кои се наоѓа македонската економија, таа да биде по еластична и да се прилагоди на новонастанатата состојба. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Љубисав Иванов.

Повелете господине гувернер.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Веќе втора, трета година се повторува истата дискусија кога се усвојуваат овие документи на г-динот Иванов. Јас пак на ист начин ќе му одговорам дека, монетарно - кредитната политика ја утврдува овој Парламент. Гувернерот нема слобода да прави експанзивна или рестриктивна монетарна политика. Слободата на Народната банка е само во употребата на инструментите за реализација на целите и задачите што ги има усвоено овој Парламент. Овој Парламент усвои одредена монетарно - кредитна политика и Народната банка ја спроведува.

Во поглед на приходите од каматите од девизните резерви, тие се приходи на девизните резерви и каматите што се добиваат ги зголемуваат девизните резерви. Не одат во потрошувачка.

Инаку, во поглед на инфлацијата, ние и можеме да мериме дали ќе биде 5 или 6 или 7 или 70% инфлација, или ќе имаме ниска и предвидлива стапка на инфлација или ќе имаме хипер инфлација.

Залагањето за офанзивна монетарно кредитна политика во услови во кои се наоѓаме сега е барање да се направи грешката, што пред 3 години ја направи нашиот северен сосед, кога во услови во кои се најдоа тогаш како што ние сме сега, ја активираа печатницата во Топчиодер. И ние имаме сега своја печатница во Прилеп. Можеме лесно да ја активираме. Но, што ќе

постигнеме? Ќе постигнеме најголемо осиромашување на народот, како што тие ја постигнаа.

Додека јас сум гувернер, тоа нема да се случи.

Може со некој друг гувернер. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине Иванов.

Видете, ние не се разликуваме многу со гувернерот, затоа што сме и двајцата социјалисти.

Меѓутоа, не сум јас за некоја офанзивна кредитно монетарна политика што ќе донесе голема инфлација во државата. Меѓутоа, сум за еластична кредитно монетарна политика која, барем треба да ги постигне нивоата предвидени во макро економската политика, заради тоа што премногу стегнатиот колан може да ја прекине половината. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам и вам.

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Ги молам колегите кои се во фоаејата, ги повикувам да дојдат и да гласаме.

И по втор пат ги повикувам колегите да влезат.

Ве молам, да гласаме во рок од 15 секунди.

Констатирам дека вкупно гласале 67 пратеници.

Исто така, 67 пратеници гласале "за".

Воздржани нема, а нема ниту против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Македонија за 1998 година.

Минуваме на точката 21 - Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1999 година.

Финансискиот план на Народната банка, мислењето на Владата, и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван гувернеру, со оглед заради природата ка нештата, гувернерот е, нели, ретко присутен во Парламентот, па би ја искористил оваа прилика иако не е таа точка на дневен ред, меѓутоа се работи за ингеренциите на Народната банка на Македонија, во однос на Собранието на РМ, пред околу 2 месеци, на почетокот на април, гувернерот, по повод усвојувањето на Одлуката за целите и задачите на монетарната политика даде изјава во Парламентот со која не замоли да ја усвоиме заради формално правни причини, да немаме правна празнина и дека набрзо ќе следи нова монетарна одлука во Парламентот.

Со оглед дека поминаа 2 месеци од тогаш, а немаме никаква официјална најава дали таа изјава останува на сила или се повлекува од други причини, би сакал да го замолам гувернерот да даде едно објаснување во врска со судбината на таа изјава дадена пред 2 месеци во Парламентот и да не запознае дали навистина ќе следи нова монетарна одлука или останува на старата во овие услови. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине гувернеру.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Бидејќи вкупната макроекономска политика која што ја усвои овој Парламент, беше усвоена пред настаните што се случија, кога се усвојуваше Политиката за целите и задачите, таа уследи во моментот кога настанаа тие настани што настанаа. Тогаш, навистина, пред Парламентот изјавив да ја усвоите таа Одлука, само за да има некој легалитет, Народната банка да презема мерки и активности и дека наскоро ќе уследи, после Донаторската конференција нова одлука не само за целите и задачите, за вкупната макроекономска политика, веројатно и ребаланс на Буџетот ќе се прави. Останува на таа изјава. Сега се водат интензивни разговори, особено со Мисијата на ММФ во светлината на тоа што се случи во Париз, а и сега се преземаат активности од страна на директорот на ММФ за да се зголеми помошта на РМ, платно - билансната помош и помошта на Буџетот од страна на поразвиените земји, како би можел да се затвори финансискиот јаз, што настана како резултат на надворешниот шок што го претрпе РМ.

Во зависност од тие резултати ќе зависи и тоа каква нова политика ќе се предложи од страна на Владата и Народната банка во делот на монетарно -кредитната политика и вкупната политика. Така што ќе уследи. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара).

Со оглед што никој досега не побара збор, предлагам на Собранието да гласаме за Одлуката што е ставена на дневен ред, во рок од 15 секунди.

Констатирам дека вкупно гласаа 72 пратеници.

72 пратеници гласаа "за".

Против немаше никој, а исто така и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1999 година.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Минуваме на трчка 22 - Предлог на програма за одбележување на годишнини на

значајни настани и истакнати личности во 1999 година.

Предлогот на програмата, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот господин Настески Кирил.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседател, претставници на Владата и драги колеги пратеници. Во рамките на своите надлежности Комисијата за одбележување на годишнини на значајни настани и личности непосредно по нејзиното формирање презеде широки активности за подготвување на програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности за 1999 година.

За таа цел Комисијата оствари широка соработка првенствено со Владата на Република Македонија, министерствата, универзитетите и факултетите во Република Македонија, научните и стручните институции, организации и претпријатија, политички партии и други.

Морам да кажам дека нивниот придонес во формирањето на оваа програма е голем и затоа како комисија им ја изразуваме нашата благодарност. Од таа широка лепеза на предлози, Предлог - програмата мораше да се оформи во согласност со Одлуката за одбележување на јубилеј ни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија.

Предлагачи на програмата се пратеници кои ја сочинуваат Комисијата. Според критериумите и определените временски интервали во 1999 година се предлага да се одбележат 11 годишнини на значајни настани и истакнати личности. За дел од предлозите кои што временски се поместени во периодот од јануари до мај оваа година, активностите се спроведени од носителите, а Комисијата ги следеше тие активности.

Оваа година имаме прилика да ги одбележиме годишнините од основањето на универзитетите "Свети Кирил и Методиј" од Скопје и "Свети Климент Охридски" од Битола, потоа годишнините од основањето на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата од Скопје и Институтот за старословенска култура од Прилеп, како и Ансамблот за народни игри и песни - "Танец".

Годишнините на нашите истакнати личности од смртта на Кузман Шапкарев и од раѓањето на Крсте Петков Мисирков и Никола Јонков Вапцаров, исто така, ќе ја збогатат овогодишната програма, како и годишнината од излегувањето на збирката "Бели Мугри".

Од нашето историско минато ќе биде одбележана годишнината од договорот помеѓу Македонскиот таен револуционерен комитет и Албанскиот одбор во Букурешт за заедничко Македонско албанско востание.

Посебно место во програмата зазема одбележувањето на 50-годишнината од основањето на Советот на Европа, за што Собранието на Република Македонија формираше одбор за одбележување на оваа годишнина.

Оваа година сакаме да дадеме посебен акцент на подготовката и активностите што ќе се преземат по повод одбележувањата на 2000-годишнината на христијанството и почетокот на третиот милениум, а пред се, имајќи го предвид духовното и световното значење на овие настани. Со програмата се определуваат и носители на одбележувањата што, секако првенствено претставува чест и гаранција за доследно спроведување на програмата. Секако дека голем број на други годишнини, на значајни настани и истакнати личности не се опфатени конкретно со оваа програма, само заради временските интервали определени со одлуката, но затоа пак оваа програма отвора широки можности овие годишнини на значајни настани и истакнати личности, како и одбележувањето на меѓународни денови и денови што се одбележуваат секоја година, исто така да се одбележуваат, а особено во рамките на надлежните органи на државната управа и јавните претпријатија и другите организации и здруженија. Вообичаено, но и со голема обврска спроведувањето на активностите предвидени со програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1999 година, ќе го следи Комисијата формирана од Собранието на Република Македонија.

Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1999 година наиде на поддршка во работата на Комисиите на Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија и сметам дека таква поддршка нема да изостане и од пратениците при денешнава расправа по оваа Предлог - програма. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Кирил.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на програмата.

Имам еден амандман кој предлагачот го прифатил и тој е составен дел на програмата.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на програмата и истиот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме 15 секунди.

Вкупно гласале 68 пратеници и сите се за Програмата.

Воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1999 година.

Минуваме на точката 23 - Барање за давање на автентично толкување на член 6 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, поднесено од Југо - тутун "Нада Бутни - кошарева" од Велес.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 6 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал "Службен весник на Република Македонија" број 38/93, 48/93 и 21/98) поднесено од АД Југо - тутун "Нада Бутни - кошарева" - Велес, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2 Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до подносителите на барањето за толкување, односно до АД Југо - тутун "Нада Бутни - кошарева"-Велес.

Ве молам да гласаме за предложениот заклучок.

Треба да гласаме за 15 секунди.

Вкупно гласале 63 пратеници.

Сите се за заклучокот.

Воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои следниот заклучок.

Минуваме на точка 24 - Барање за автентично толкување на член 121 и 130 став 1 точка 3 од Законот за работни односи, поднесено од ПОС "Младост" од Демир Хисар.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членовите 121 и 130 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 53/97 и 21/98), поднесено од ПОС "Младост" од Демир Хисар, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овие членови од причините содржани во извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на ЗПК на Собранието на Република Македонија да се достави до ПОС “Младост" од Демир Хисар, односно до подносителот на ова барање.

Ве молам да гласаме по предложениот заклучок.

За 15 секунди да се произнесеме.

Гласале 70 пратеници, од кои 67 за, 2 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 25 - Предлог за избор на судија на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот за избор на судија и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам за 15 секунди да се произнесе за предлогот.

Констатирам дека нема кворум за гласањето и значи дека ова не е можно ни да се постапува по овој предлог.

Поради ова, давам пауза за еден час да продолжиме, а паузата би траела до 15 часот. (По паузата).

(Седницата продолжи со работа во 15,20 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само да се преброиме колку сме во салата.

Исполнети се условите, да продолжиме со работа.

Останува да се повтори гласањето за избор на судија во Апелациониот суд преку личноста на Олга Бошевска, другите генералии ги имате во предметите

За 15 секунди да гласаме.

Гласале пратеници, од кои за кандидатот гласале 61 пратеник, 4 се против и 5 воздржани.

Госпоѓата Олга Бошевска досегашен судија на Основниот суд Битола, е избрана за судија на Апелациониот суд - Битола.

Дозволете ми да и го честитам новиот избор и да и посакам успех во работата.

Инаку госпоѓата лично ја познавам како добар стручњак во практикување на правото.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе со оглед дека се работи за избор и именување на функционери на високи државни функции, а со оглед на фактот дека дисплејот цело време покажува различна бројка на присутност, без пратеници да влегуваат или излегуваат од салата, што е очигледно, а со оглед на тоа дека се работи за избор на судии кои мора во својата работа понатаму да носат битни одлуки, да пресудуваат во врска со легитимитетот на изборот и кворумот и точниот број на присутни, ќе Ве молам службите во Собранието да утврдат дали има 61 пратеник во салата за да можеме легитимно да одлучуваме.

Со оглед дека се работи за избор на луѓе кои секојдневно ќе носат многу важни одлуки.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вака со броење излегуваат 67 пратеници, па не знам што е точно.

Не знам што да правиме во ваква ситуација.

Едно кажува машината, а друго броењето.

Ако има 61 пратеник присутен во салата и за време на гласањето и сега по пребројувањето, значи има над 61, имаше 5 против, 1 воздржан тоа се 6, значи судијата по било кој основ е избрана.

Изборот го прогласивме, сега да носиме други одлуки, колку би било во ред.

Вие господине Поповски рековте во салата да се провери дали има 61 пратеник. При пребројувањето има 67 пратеници.

Процедурално господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, мене ми е жал што ќе мора да укажеме на состојбата. Избравме судија на Апелационен суд во Битола за чиј избор гласаа 70 пратеници, а утврдивме дека во салата се присутни 67.

Со оглед на фактот (реакција од страна на пратениците), дека Вие како потпретседател и професионално знаете што значи судија на Апелационен суд и одлуките што ќе ги носи, а ние оставаме овде процедурални записнички траги дека за неговиот избор гласале и "мртви души" да се изразиме со тој речник (реакција од страна на пратениците), што значи ние не инсистираме да не се изврши изборот, туку само инсистираме Парламентот да утврди дека не можеле да гласаат повеќе луѓе отколку има присутни во салата, особено за избор (го опоменува пратеникот Петровски затоа што му се уфрла во збор) не може да гласаат за избор на судија како и за никој друг во Собранието што се избира повеќе од оние кои биле присутни.

Во име на легитимитетот на работата на судиите и во име на легитимитетот на работа на ова Собрание и во корист на сите нас, е при гласањето да нема повеќе гласови од оние кои се присутни овде. Може да има помалку ако некој не гласа. Се надевам дека оваа интервенција не се сфаќа погрешно, туку напротив во функција на легитимитетот на одлуките на Собранието, особено за вака битни функции во државата.

Ве молам да не пристапуваме кон гласање доколку не сме сигурни дека секој што е тука единствено гласал, а не и некој отсутен, затоа што во таква процедура согласно записникот сите одлуки на судијата кој е избран на таков начин, Вие знаете, дека во натамошната процедура на судот, ќе паѓаат. Тогаш Собранието ќе се доведе во многу тешка ситуација во врска со изборот на судиите.

Затоа Ве молам да ја повторите постапката и да гласаат само тие што се присутни и да не се притиска на копчиња за не присутните пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Поповски, аргументите кои ги изнесовте во поглед на правдата, стојам долго време во тој дел, ако некој сака да направи некоја непријатност, па сега го говори.

Јас му предлагам на Собранието за снага и достоинство на личноста на госпоѓа Олга Башевска, да го повториме гласањето и да имаме навистина легитимитет и ако се повтори сега што ќе биде ако пак некој има во себе резервна картичка, до кога ќе стигнеме. (Реакција од страна на пратениците).

Ве молам, дали ќе има потреба за една чиста работа да остане дамка на нечесност? Припаѓам на таа категорија на луѓе, сакам ако некој приговорил за легитимитетот на изборот, Ве молам дајте да донесеме заедничка одлука да го повториме гласањето и да се заврши работата.

Ве молам, дајте знак да може да се гласа.

Вака стои работата. Ако сите што се тука гласале, гласале 66, од кои за гласале 58 пратеника, против гласале 3 пратеници, а 5 пратеници се воздржани.

(Реакција од страна на пратениците).

Констатирам дека и по втор пат госпоѓа Олга Бошевска е избрана за судија. Упатувам повторна честитка и добра соработка. (Аплауз).

Извинете Шеќеринска не сум имал намера да Ви ускратам право на збор, повелете.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Сакав само да укажам на крајот на гласањето, без разлика дали мораше или не мораше да се води ваква процедура за гласање на судија на Апелациониот суд, дека претседателот, потпретседателите, собраниските служби, сериозно мора да се занимаваат со ова прашање, заради тоа што не постои апсолутно никаква гаранција дека доколку не ги имаме сите картици на нашите колеги да седиме петторица пратеници во Собранието,

да испадне дека сито 120 гласаат и секој пат и секоја одлука ми се доведува во прашање, барем мене.

За да не ни се случуваат вакви ситуации, мислам дека некое ново малку по сложено техничко решение, мора да се спроведе. На страна тоа што еве сега некој од пратениците си земаат право да гласаат за не присутни пратеници, меѓутоа тоа е нивен проблем и нивна одговорност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова го прифаќам, меѓутоа сега сме во фаза да бидеме жртви на оваа техника, а тој што ја направил таа злоупотреба нека му служи на чест. Благодарам.

Повелете господине Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, видете, од оваа работа се прави театар.

Ние имавме гласање во кое беше регистрирано колку биле присутни, колку гласале. Во тој момент пратеници излегоа од салата, а во меѓувреме додека се објаснувавме видовме дека влегуваат. Значи, гласањето е регуларно. Тоа е првата работа.

Втората работа, сега видовме дека во периодот додека се правеше прегласувањето имавме не пријавен пратеник со својата картица, а присутен е тука. Како ќе го регистрираме него?

Значи, тоа гласање таму треба да се почитува, е регуларно, ако има сомневања треба да се побара да се изјасниме по стариот модел ќе видиме колку пратеници се во Парламентот. Непотребно е да се прават забуни пред јавноста. Еве во овој случај излегоа двајца минусно од претходното гласање, кои гласале и излегле по свои обврски.

Целта ми е да не се прави пред јавноста забуна околу Парламентот. Ако има потреба предложете ќе се изјасниме со стариот модел со доброто кревање на раце и ќе видиме дали предлогот ќе помине или нема да помине. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Љубен, реков има меѓу нас некој нечесен, не можеме да бидеме сите.....

Одиме понатаму.

Преминуваме на Дваесет и шестата точка – Предлози за избор на судии на Основниот суд во Гевгелија.

Предлозите за избор на судии и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Бидејќи се двајца кандидати, ќе гласаме за кандидатот Томислав Симеоновски.

Предлогот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 74 пратеници.

За предлогот гласале 62 пратеника, воздржани 12 пратеници, против нема.

Констатирам дека господинот Томислав Симеоновски е избран за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Во исто време му го честитам изборот и му пожелувам добар успех во работата.

За истиот суд ќе треба да се изјасниме по Предлог за избор на уште еден судија.

Предлогот госпоѓа Сава Димовска да биде избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија, го ставам на гласање.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, Ве молам да гласаме за предлогот на Судскиот совет, госпоѓата Сава Димовска да биде избрана за судија на основниот суд во Гевгелија.

Повелете гласајте.

Вкупно гласале 63 пратеника, за предлогот гласале 60 пратеници, воздржани 2 пратеници и 1 против.

Констатирам дека госпоѓа Сава Димовска е избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Изборот и го честитам.

Преминуваме на Дваесет и седмата точка – Предлог за избор на судија на Основниот суд во Гостивар.

Предлогот за избор на судија и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам во рок од 15 секунди да гласате за избор на судија во лицето на Љутви Адеми од Гостивар.

Гласале вкупно 73 пратеници, од кои 72 гласале за предлогот и 1 воздржан.

Констатирам дека Љутви Адеми е избран за судија на Основниот суд во Гостивар.

Во исто време му го честитам изборот и му пожелувам успех во работата.

Преминуваме на Дваесет и осмата точка - Предлог за избор на судија на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот за избор на судија и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Во наредните 15 секунди по добивање на знак, да гласаме. Повелете.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 66 гласале за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека госпоѓа Роса Станоеска е избрана за судија на Основниот суд во Прилеп.

И го честитам изборот и и пожелувам успех во работата.

Заврши делот на избори на судии.

Сега доаѓа Предлог за разрешување.

Преминуваме на Дваесет и деветтата точка - Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет и Мислењето на Комисијата на прашањата на изборите и именувањата, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија во лицето на Павел Манев, го ставам на гласање.

Ве молам да гласате во рок од 15 секунди.

Вкупно гласале 75 пратеници, од кои сите 75 пратеници гласале за разрешување.

Констатирам дека господин Павел Манев е разрешен од функција судија на Врховниот суд на Република Македонија, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Дозволете ми од мое име и од име на Собранието да му пожелам долг и спокоен живот во пензија, колега ми е уште од времето на студиите, се работи за добар правник и верувам дека со него судот ќе изгуби добар соработник. Благодарам.

Преминуваме на Триесеттата точка - Предлог на одлука за огласување на избор на судии на Основниот суд Скопје II - Скопје и на Основниот суд во Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласате по добиениот знак.

Вкупно гласале 71 пратеник, од кои 70 пратеници гласале за, 1 воздржан и ниеден против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на Основниот суд Скопје II - Скопје и на Основниот суд во Битола.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Минуваме на 31-та точка - Предлог на одлука за именување заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник. 69 пратеници гласале за, против гласаа 2 пратеници, воздржани нема.

Констатирам дека Јован Јосифовски е именуван за заменик на секретарот на Собранието на Република Македонија.

Му го честитам изборот и му пожелувам добра соработка со Собранието.

Минуваме на 32-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом" - Радовиш.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници.

За одлуката гласале 73 пратеници, против (нема), воздржани (нема).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом" - Радовиш.

Минуваме на 33-та точка - Предлог одлука за избор на членови на Управниот одбор на Клиника за хирушки болести "Св. Наум Охридски" - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам. кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници.

За одлуката гласале 69 пратеници, против (нема), воздржани (нема).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот

одбор на Клиника за хирушки болести "Св. Наум Охридски" – Скопје.

Минуваме на 34-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом" - Виница.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници.

За одлуката гласале 68 пратеници, против (нема), воздржани (нема).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом" - Виница.

Минуваме на 35-та точка - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници.

За одлуката гласале 66 пратеници, против (нема), воздржани (нема).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претставници на Републиката. во Советот на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Минуваме на 36-та точка - Предлог одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници.

За одлуката гласале 64 пратеници, против (нема), воздржани (нема).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Минуваме на 37-та точка - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за одбележување на 50-годишнината од основањето на Советот на Европа.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници.

За одлуката гласале 65 пратеници, против (нема), воздржан е 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за одбележување на 50-годишнината од основањето на Советот на Европа.

Минуваме на 38-та точка - Предлог на одлука за разрешување од функцијата главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници.

За одлуката гласале 69 пратеници, против (нема), воздржани (нема).

Констатирам дека Антонио Вељанов е разрешен од функцијата главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија по негово барање.

Минуваме на 39-та точка - Предлог на одлука за именување на членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Мол ам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници.

За одлуката гласале 65 пратеници, против (нема), воздржани (нема).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на членови на Посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Минуваме на 40-таточка - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници.

За одлуката гласале 68 пратеници, против (нема), воздржан 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Минуваме на 41-та точка - Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес. Молам,кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, дозволете ми во името на Пратеничката група на СДСМ да изразам незадоволство од однесувањето на парламентарното мнозинство по повод повеќе, а конкретно за оваа одлука за именување на претставници на Републиката во Сенатот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" Битола од тројца претставници не е земен предвид предлогот кој го даде Пратеничката група на СДСМ.

Имено Собранието од своето основање до денес делегациите кои ги именува Собранието во органите на управување или другите соодветни органи на установите кои согласно Законот ги именува Собранието на Република Македонија секогаш водело досега политика на перитетна застапеност, а не на парламентарно мнозинство и надгласување во однос на застапеноста.

Сакам јавно да изразам незадоволство заради одлуката на парламентарното мнозинство, претставниците во оваа значајна државна институција во Републиката. Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола, да бидат застапени само предлози на пратеничките групи од мнозинството, од коалицијата.

Едновремено покрај изразувањето на незадоволството дозволете ми и да повикам официјално до координаторите на пратеничките групи на мнозинските партии да имаат повеќе ширина и респект спрема изборните резултати и застапеноста на пратениците во Парламентот, согласно волјата на гласачите, а не само согласно волјата на мнозинството, затоа што овде не се работи за избор на извршни органи на државата, туку се работи за избор ка функции кои го претставуваат Собранието, кое како што знаеме, е плурално, не е монистичко.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Ова е во домен на Комисијата за избори и именувања. Со оглед дека сите пратенички групи имаат свои претставници во оваа Комисија, таму треба да ги решат овие прашања.

Меѓутоа, ако има одредени видувања кои воопшто не биле земени предвид, има можност, се разбира и се согласувам да се разговара меѓу пратеничките групи, или пак на ниво на координатори на пратенички групи. Меѓутоа, јас ова прв пат го слушам како дилема или како несогласување.

Значи имало простор пред да почне оваа седница да разговараме. Вака пак правиме пред јавноста дека многу работи се узурпираат од страна на парламентарното мнозинство. Ние имаме право да се изјасниме како парламентарно мнозинство и се разбира дека ќе донесеме соодветни одлуки до колку го имаме парламентарното мнозинство, а се знае дека го имаме.

Меѓутоа, сите други можности што се на располагање за да се направат консултации треба да се искористат пред почетокот на седницата. Вака се прави забуна пред јавноста дека ние сите можности сме ги исцрпеле и сме дошле на седница со овие несогласувања. До мене како координатор на пратеничката група досега никој не се обратил за конкретниот случај, а мислам дека и за други случаи. Тоа се решава пред да почне седницата, а се друго е во рамките на оваа комисија каде што и Вие имате претставник.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господа пратеници, господин потпретседателе, дискусијата на координаторот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја прифаќаме со задоволство. Едновремено укажуваме дека ние имавме предлог на застапеност во Сенатот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, кој на Комисијата за избори и именувања беше отфрлен.

Доколку има согласност јас повикувам оваа точка да се одложи за наредната седница и нашиот предлог да се земе предвид при расправата на Комисијата.

Доколку тоа не се прифати, сепак ќе бидеме приморани да се не согласиме со ваквиот избор и да забележиме дека нашите предлози се одбиваат врз основа на мнозинство во органите и во Парламентот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега тоа е упатени директно до подносителот на оваа одлука.

Го молам претседателот на Комисијата за избори и именувања, имате кажувања и на двајцата координатори на пратеничките групи ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, па Ве молам повелете.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас како претседател на Комисијата за избори и именувања, пред започнување на седницата со членовите од Комисијата направив консултации и Комисијата останува на ставот кој го има дадено во предлогот.

Ако сакаат пратениците сега можат да гласаат спротивно.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Господине потпретседателе јас веќе спомнав не се искористени можностите кои биле на располагање и кои сега се нудат како модел за размислување по овие прашања.

Јас мислам дека проблемот си е во Пратеничката група на СДСМ. Велам има простор да разговараат меѓи себе партиите, меѓутоа не е дадена иницијатива за ова прашање до овој момент. Не ми е јасно зошто сега се дава оваа иницијатива, токму на седницата и сега пред јавноста.

Според тоа, Комисијата си ја одработила својата работа, да си тече дневниот ред на седницата. За други вакви случаи натаму да се обидеме да разговараме меѓу пратеничките групи, а не сега. Ние го разгледуваме дневниот ред и работиме според него и сега паѓаат идеи. Сега е доцна.

Значи требало да се сетите за тоа и да се обидете да ги искористите сите можности на време. Предлагам во име на пратеничката група да си се одвива дневниот ред по однос на оваа точка како што е предвидено.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас би сакала само да го отфрлам како несериозен овој обид да се претстави ваквото не прифаќање на предлогот на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз како прашање на техника, или прашање на непостоење на претходен договор. Имено, се уште барем мене ми се свежи сеќавањата на една од претходните седници кога на слично прашање, прашање на состав на некои од управните одбори, мислам дека беше во сферата на здравство претставник на партијата ДПА го постави истото прашање на самата седница и покрај тоа што постоела можност претходно да се извршат консултации, зошто во рамките на ваквиот одбор нема ниту еден Албанец. Тоа беше буквално она што го кажа претставникот и во тој случај претседателот на истата комисија интервенираше на сама седница и на сама говорница и кажа дека тој предлог се повлекува и дека тоа прашање ќе биде решено онака како што бараше предлагачот. Што значи во случај кога се работи за барање на некои од партиите на парламентарното мнозинство постои начин на сама седница, во тек на седница и поставување на директно прашање и сл.

Затоа очигледно е сега дека во овој случај се работи за недостиг на политичка волја, а не за исцрпување на сите можности технички за постигнување на договор. Имено јасно е дека со ова ВМРО-ДПМНЕ партиите во парламентарното мнозинство сметаат и строго се држат до тоа дека во дадениот совет претставниците на опозицијата немаат што да бараат. Затоа повторно ќе кажам дека несериозен е овој обид сето тоа да се маскира, или да се обидува да се маскира со технички проблеми.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Сакам само да ја потсетам колешката Шеќеринска дека предлогот што беше за Медицински центар Куманово за Управниот одбор беше уште при утврдување на дневниот ред, а претходно постоеше веќе увид дека е направен превид од постигнатиот паритет. Така што не е ист случајот што денеска се предлага кога е веќе утврден дневниот ред за да се менува предлогот.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Да, точно е тоа дека јас барав да се симне точка од дневниот ред, односно Одлуката за формирање на управниот одбор при Медицинскиот центар во Куманово.

Меѓутоа, моето барање беше сосема од друг карактер и не може да се спореди со барањето на госпоѓица Шеќеринска, бидејќи таму се работеше за состав на Управниот одбор каде интересот беше на Медицинскиот центар да има еден претставник Албанец, што сосема беше нормално моето барање и беше прифатено не само од страна на позиција, туку и од опозицијата, имајќи го во предвид фактот дека и порано имаше еден претставник Албанец, со оглед на фактот дека интересот на Медицинскиот цеитар во Куманово да има еден Албанец. А барањето на г-ца Шеќеринска е сосема поинакво и не може да се спореди со моето барање.

Јас да ве потсетам поради јавноста, ние кога бевме како опозиција во претходниот состав дури не бевме како членови на комисии во ниедна комисија. Мислам дека сосема е во право опозицијата да бара застапеност во сите комисии по бројот на пратениците. Меѓутоа, тогаш нас никој не не праша дали ние сакавме да бидеме во комисиите, тогаш во работните тела на Собранието. Дури ние бевме ставени на страна и за многу работи не бевме консултирани.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Најпрво би молела да не ги персонализираме работите, исто како што не мислев дека тоа е предлог на пратеникот Шаќири. Не дискутираме за предлог ниту на

претеник еден, ниту на пратеник друг, ниту на мој личен предлог, туку се работи за предлози кои што доаѓаат од страна на пратеничка група и тоа на пратеничка група во опозиција.

Второ, доколку мислите дека демократијата и плурализмот се сведуваат само на почитување на присуство, или на учество на припадници на етнички малцинства, тогаш мислам дека имаме различни погледи на демократијата. Ако во овој случај политичкото малцинство биде елиминирано, мислам дека се сведува на истото. Меѓутоа, очигледно е дека некои се загрижени само за своето присуство, или за своите права, или за својата позиција како малцинства.

И на крајот нормално дека не се работи за исти предлози. Се работи за различни причини, поради кои што сметаме дека и опозицијата треба да го има своето место при формирање на овие органи. Меѓутоа факт е дека се сведува на едно исто, а тоа е дека оние кои што го држат клучот на одлуката дека во едниот случај имаат слух за некои различни барања, а во другиот случај немаат. Инаку мислам дека е прашање навистина на ситница, значи на ситна техника дали предлогот дошол во текот на седницата, на самиот почеток на седницата, или сл. Доколку постоеше волја, доколку постоеше потреба кај припадниците на партиите во мнозинство во Собранието да присуствува во некои од овие одбори, или органи претставник на опозицијата, тоа ќе беше направено дури после донесување на одлука со гласање на нова одлука. Така што повторно ќе кажам, да не се обидуваме да ги заменуваме тезите.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Оваа ситуација е многу јасна. Ние имавме денеска еден таков случај во однос на Социјалдемократскиот сојуз и без разлика што се одвива седницава во некои паузи, или некои други можности разговаравме за едно барање конкретно, за кое поразговаравме, има елементи што секако се позитивни во тој предлог треба да бидат земени во предвид и треба да најдеме начин како да го решиме тоа прашање, односно да најдеме можност да биде решено. Разговаравме денес и тоа прв пат. Се однесува на други прашања, а не од дневниот ред. Јас мислам дека бев јасен. Доколку пред седницава сме разговарале можевме да го дефинираме односот на мнозинството во Парламентот, дека одредени работи не прифаќа. За ова воопшто не е разговарано на меѓу партиско ниво внатре во Парламентот. Комисијата легално работи и таа според изјаснувањето на мнозинството го има тоа прифатено. Јас велам на ниво на парламентарни групи има отвореност, има разбирање за да се разговара за било која тема.

Меѓутоа, на крајот на краиштата едно треба да ни биде јасно, парламентаризмот подразбира тоа, предлози се даваат и оној кој има мнозинство да биде избрано. Во спротивно иако има парламентарна демократија да се вратиме по моделот поранешен, дајте заедничка согласност и постојано да ги избалансираме сите работи. Затоа и се бара одговорноста. Вие во многу наврати велите, парламентарно мнозинство и целата одговорност за овие деликатни прашања е во ваши раце. Е сега, ако е таков аршинот треба да ни биде јасно, парламентарна демократија која има мнозинство ќе ги изгласа работите. Но, постојат тие можности, механизми за да се има меѓусебен респект и разбирање. Во овој случај тие не се употребени, туку се нудат на седница каде што веќе е доцна. И ВМРО-ДПМНЕ стои на тоа дека треба да си продолжи дневниот ред и да преминеме на гласање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот го ставам на гласање.

Сега господа имаме една можност, да цениме едно.

Во салата има 43 присутни пратеници.

Кој е за? (42 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Констатирам дека одлуката за именување пратеници на Републиката во Советот на Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола е усвоена.

Пратеникот Амди Бајрам бара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, барам поединечно гласање и поддршка од 10 пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Најди 10 пратеници и ќе гласаме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Треба да се гласа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Веќе е изгласано.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не е изгласано, јас пред тоа барав збор.

Добро, терајте си, нема проблем.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Минуваме на точката 42 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на јавна здравствена организација - Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни, неспецифични и алергични заболувања - Отешево.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес. Молам кој бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Пратеничката група на СДСМ, врз основа на досегашната работа на оваа седница констатира дека, врз основа на законските овластувања Парламентот именува свои претставници во разни органи на управување, најчесто во институциите основани од страна на државата Република Македонија. Досегашното гласање и работа на Комисијата за избори и именувања која е формален предлагач покажува дека парламентарното мнозинство секогаш кога оценува дека некои организации или установи кои се од највисоко значење за Република Македонија, има потреба да ги именува своите претставници само од редовите на коалиционото мнозинство и дека опозицијата треба целосно да се исклучи од своето учество во работата на овие институции. Констатираме дека случајот со Универзитетот во Битола како еден од двете највисоки образовни институции во Република Македонија тоа го покажа.

Пратеничката група на СДСМ формално и официјално на седницата на Комисијата за избор и именувања каде што се усогласуваат ставовите на пратеничките групи и пратеничките интереси побара свој член да има и СДСМ сака да учествува во работата на Сенатот на Универзитетот во Битола. Тоа беше оневозможено од страна на коалиционото мнозинство. Сега гледаме дека по другите точки за институции кои не се од така високо значење кои се пред се од локално значење пратеничките групи од мнозинството дозволуваат пратениците на СДСМ да имаат свои предлози кои тие ги одобруваат.

Што значи донесовме заклучок дека се врши селективно, односно дозирано дозволување на учество на пратеничката група на СДСМ, која само да потсетам е втора по бројот на пратениците во овој Парламент и е најголемата опозициона партија.

Со оглед на ваквиот тек на настаните, господине потпретседателе согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија пратеничката група на СДСМ заради начинот на кој ќе учествува во расправата и гласањето по останатите точки и во врска со своите предлози бара пауза од 30 минути за своја консултација.

Ве молам да ни ја дозволите паузата од 30 минути, согласно Деловникот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пауза до 16,45 часот. (По паузата).

Седницата продолжи со работа во 16,55 часот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека во собраниската сала присуствуваат доволен број на пратеници и можеме да продолжиме со работа и со наредна точка од дневниот ред. Тоа е точката 42.

Отворам претрес. Молам кој бара збор.

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, пратеничката група на СДСМ ја разгледа новонастанатата ситуација и ве известува за следното:

Прво, констатираме дека предлозите на пратеничката група на СДСМ се примаат на два начина и селективно.

Прво, се селектираат институциите во кои се прифаќа учество на нашата пратеничка група. Како што кажав, во најважните не се прифаќа нејзиното учество, примени се кумановската, велешката здравствена организација, Битолскиот Универзитет Св. "Кирил и Методиј" во Битола и други.

Второ, селектирањето се врши и во оние каде што се прифаќа нашето учество, со тоа што често сме соочени со персонално условување на нашите предлози од страна на мнозинството, односно се укажува кој може, а кој не може а на предлог на СДСМ од страна на парламентарното мнозинство, што значи се влијае на нашите одлуки.

Селективното најчесто е во оние кои се од најголемо значење за институциите, согласно законите во кои Парламентот делегира свои делегати.

Четврто, пратеничката група го известува Собранието дека пратениците на СДСМ кои учествуваат во работата на Комисијата за избор и именување го застапуваат ставот на пратеничката група и тоа е единствениот деловнички начин на усогласување на групите и не чувствуваме поинаква нормална потреба од усогласување, доколку не се јави таков случај. Што значи ве молиме од сега натаму да не инсистирате на наново усогласување, нашите предлози што ги даваат нашите пратеници во Комисијата се ставови на пратеничката група на СДСМ и тие треба да се прифаќаат како такви.

Согласно ова пратеничката група по паузата која ја побара констатира дека во понатамошниот тек од денешната седница, пратеничката група на СДСМ ќе учествува, меѓутоа нема да гласа за оние точки за избори и именувања каде што нашето право на учество е оневозможено по принцип на партиско надгласување во Парламентот.

Второ, од сега натаму и во иднина очекуваме соработката од мнозинството да биде на нивото, кое овој Парламент го има постигнато во изминатиот период од работењето.

Доколку не се прифаќаат предлозите на опозицијата за учество во институциите кои ги делегира претставниците Собранието на Република Македонија, во иднина пратеничката група ќе ја преоцени својата работа и начинот на учество во Комисијата за избори и именувања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Анушев Љупчо.

**АНУШЕВ ЉУПЧО:**

Изгледа треба да црпиме искуство и ние од СДСМ, бидејќи стално ни наметнуваат дека поранешното искуство било позитивно, или да направиме сателит партии за да можеме да делегираме од нив, така да биде исполнето тоа чувство на мнозинство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Продолжуваме со работа по точката 42.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Во наредните 10 секунди гласајте.

Констатирам дека од вкупно 54 пратеници, 52 гласале "за", 1 "воздржан" и 1 "против".

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор во Јавната здравствена организација "Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни не специфични и алергични заборувања" - Отешево.

Минуваме на точката 43 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека "Скопје" - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Во наредните 10 секунди гласајте.

Од вкупно 65 пратеници, за Предлогот на одлуката гласаа 64, 1 е "против" воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека "Скопје" - Скопје.

Минуваме на точката 44 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита “Кочани“.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Во наредните 10 секунди гласајте.

Од вкупно 68 пратеници, за Предлогот на одлуката гласаа 67, 1 е "против" воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита "Кочани".

Минуваме на точката 45 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клиника за максилофацијална хирургија - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Во наредните 10 секунди гласајте.

Од вкупно 62 пратеници за Предлогот на одлуката гласаа 61, 1 "против" воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клиника за максилофацијална хирургија - Скопје.

Минуваме на точката 46 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална детска болница - Охрид.

Предлогот на Одлуката и дописот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Лога Алириза.

**ЛОГА АЛИРИЗА:**

Само една интервенција.

Сигурно се работи за некоја техничка грешка - за третиот член наместо "Петар", се работи за "Фетар", значи наместо "П" треба да биде "Ф".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако се работи за техничка грешка, тоа службите нека го исправат и не ќе има потреба од интервенција.

Ова ќе биде земено во предвид.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме во наредните 10 секунди.

Од вкупно 61 пратеник, за Предлогот на одлуката гласаа 60 пратеници, "против" гласаше 1 пратеник, а "воздржани" нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Специјална детска болница - Охрид.

Минуваме на точката 47 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Велес.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Во наредните 10 секунди гласајте.

Од вкупно 59 пратеници, за Предлогот на одлуката гласаа 58, еден "против" воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Велес.

Минуваме на точката 48 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Центар за продолжително лекување и рехабилитација "Катлановска бања" – Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Во наредните 10 секунди гласајте.

Од вкупно 63 пратеници за Предлогот на одлуката гласаа 61, 1 "против" воздржан 1.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Центар за продолжително лекување и рехабилитација "Катлановска бања" - Скопје.

Минуваме на точката 49 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борка Талески" - Прилеп.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Во наредните 10 секунди гласајте.

Од вкупно 64 пратеници, за Предлогот на одлуката гласаа 63, 1 "против" воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борка Талески" - Прилеп.

Минуваме на точката 50 - Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија, за соработка со Парламентот на Република Албанија.

Предлогот на одлуката ви е доставен и поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, претресот го заклучувам и одлуката ја ставам на гласање.

Молам гласајте во десетте секунди.

Вкупно гласале 56 пратеника, од кои 55 "за", 1 "против", "воздржани" нема.

Констатирам дека Одлуката е ...

За збор се јави Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, материјалот за овие пратенички групи го добивме во пакет, а потоа секоја од овие под точки е направена како точка на дневен ред.

Доколку се согласуваме дали би можело во пакет сето ова, заедно со забелешките што веќе ги има доставено до Комисијата со некакви измени. Тоа се можеби 15-16 точки.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, предлогот е јасен.

Дали да гласаме во пакет, или редовно за секоја точка поодделно.

За тоа може Собранието да одлучи.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Предлогот на господинот Данило Глигоровски го прифаќаме, со тоа што би укажале заради познатите разлики кои постојат во една пратеничка група на можноста да ги гласаме сите заедно, освен точка 66.

За таа точка посебно да гласаме, заради тоа што ние нема да дадеме поддршка, тоа е соработката со Тајван.

Значи, би можеле да ги споиме сите точки освен 66, за која посебно треба да гласаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова од практична страна е корисно.

За збор се јави господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе имам една забелешка, околу целосната работа во Парламентот, околу сето ова што денеска гласаме, што е на дневен ред. Никако не се зема во предвид, не знам зошто, дали се зема по национална база Амди Бајрам дека е Ром, дека е претседател на една ромска партија, никаде апсолутно во Парламентот не ме земате во предвид. Дали е нешто дискриминаторско се случува на националноста како Ром, или нешто друго. Сакам тоа да ми се објасни во овој Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само едно ќе одговорам.

На едно место сме заедно, значи не да не си зафатен, да не си ангажиран. Ако господине Амди мислиш дека си еден па во сите, јас би те предложил ако можеш да издржиш.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе јас не се залагам да бидам во секоја, но најнормално на многу работи вакви треба некаде да бидам

присутен, затоа што во СР Југославија живеат два ипол милиони роми, во Бугарија има два милиони роми.

И треба да земете предвид, затоа што некој ги претставува Ромите, а единствен пратеник сум во светот по потекло Ром.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

Ова ќе го земеме предвид со гласање, ако има измени добро, а коне...

Господа пратеници Одлуката на Собранието 6 во пакет да гласаме од точка 50 до точка 65.

Од точката 50 до 65, тоа е одлука на Собранието, мене ме задолжува Вашата одлука така да постапувам.

За збор се јавува г. Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници и ние се согласуваме со претходниот предлог на пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа со исклучок, да не биде вклучена точката 52, а се работи за Предлог одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Југославија.

Бидејќи ставот на парламентарната група на ДПА е да не гласа за оваа одлука, имајќи ја предвид сегашната ситуација, со оглед на фактот дека многу земји со регулиран демократски систем ги прекинале односите, а ние во овој момент бараме соработка со една земја која е осудена од сите демократски земји на земјината топка. Ние како парламентарна група имаме став да не гласаме за формирање на оваа парламентарна група. Тоа е став на пратеничката група на ДПА.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро. Таму имаме и измена во таа група, наместо Вас, Алија Шахиќ се предлага да се измени составот на групата.

Да одиме понатаму.

За збор се јави г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседател, дами и господа, јас сметам дека е подобро да се настапи од говорницата отколку од место. Тоа јавување од место си има своја тежина, а јавувањето од говорница исто така. И колку да е атрактивно и примамливо говорењето од место, не е баш упатно за секое јавување од таму да се зборува.

Моето јавување е во насока на овој обид, формирањето групи за соработка со другите Парламенти да го изведеме по пат на збирно гласање. Еден обид кој беше конструктивен, но еве наидува на две места на отпор.

Според тоа, ние ќе гласаме се збирно освен за овие две точки и уште за Европскиот Парламент, потоа би го гласале.

Јас сакам да укажам дека негодувањето при делење на места може да остане и понатаму. Но овој пат станува збор за групи за соработка со соодветните Парламенти, така што тука ќе треба да се гледа со позитивен став и моја забелешка е во сето тоа дека овој пат позицијата дава во клучните делегации претседателско место на опозицијата. Во клучните групи јас би ги вброил групите за соработка со Европскиот Парламент, со Сојузна Република Германија, Република Франција, а може уште некоја друга држава и тука, се претставниците од опозицијата водачи на нашата група. Така што ова треба да се потенцира и од опозицијата и дека по некое загубено место во управен одбор во јавните претпријатија не боли така многу.

Тоа сакам да биде јасно дека овој пат мнозинството не ја исклучува опозицијата и мило ќе ми биде од страна на опозицијата тоа да биде соодветно прифатено или барем искажано.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Отворам претрес по сите точки, од точката 50 до 65, со иземање на точката 52, со предлогот точката 52 да се издвои и за неа посебно да се одлучува, а точката 66 не, таков е предлогот и така се уважи.

Според тоа, Предлог одлуките ги ставам на претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот и одлуките ги ставам на гласање.

Молам да се изјасниме во првите 10 секунди.

Гласале 69 пратеници, сите пратениците гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека овие одлуки Собранието ги донесе.

Преминуваме на 52 точка - Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Југославија.

Одлуката Ви е доставена, како и дополнувањата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се поделени.

Отварам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и одлуката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, од кои за одлуката гласале 54 пратеници и против 9 пратеници.

Констатирам дека и оваа одлука е донесена.

Преминуваме на 66 точка - Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Кина - Тајван.

Предлогот на одлуката и дописот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви е поделен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за одлуката гласале 60 пратеници, воздржан е 1 пратеник и 7 пратеници се против.

Констатирам дека и оваа одлука е усвоена.

Има збор г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, колеги пратеници, заради усогласување на ставот во врска со претседателството на групата за парламентарна соработка со Европскиот парламент, оваа точка од дневен ред ја повлекувам, не заради составот, но само заради одредување на претседателското место, дополнително на Комисијата да се договориме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, тоа е Ваше право. Тоа се однесува на точката 67 - Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Европскиот Парламент.

Преминуваме на 68 точка - Извештај за работа на Народниот правобранител за 1998 година.

Извештајот за работа на Народниот правобранител и извештајот на Комисијата за политички систем Ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес.

Има збор народниот правобранител г. Бранко Наумовски.

**БРАНКО НАУМОВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, пред вас се наоѓа Годишниот извештај за работа на Народниот правобранител од неговото основање, јули 1997 година, до крајот на 1998 година.

Од извештајот што имавте можност да го прочитате може да се согледа и оцени вкупното функционирање на овој орган во означениот период, но и да се согледаат до извесен степен и општите услови и состојби во правниот поредок, кој секој за себе или во нивната вкупност го детерминираат востановувањето, позицијата и поставеноста на Народниот правобранител, со значително влијание на афирмацијата и активностите што оваа институција, како еден од уставно утврдените механизми во правниот поредок на Република Македонија, се јавува во заштитата на правата и слободите на граѓаните, а со тоа и во заштита на уставноста, законитоста, воспоставувањето и владеење на правото.

Поднесувањето на Извештајот за работа на Народниот правобранител во овој највисок законодавен дом е во доменот на одговорноста на Народниот правобранител, со оглед на неговото место и делокругот утврден во Уставот, а поконкретно нормиран во Законот за Народниот правобранител. Потоа тоа резултира од фактот на основањето на оваа институција, како изборот на Народниот правобранител како носител на функцијата и неговите заменици од страна на ова Собрание.

При ова, важна улога има аспектот на очетноста за сопствените активности како правна форма за остварување на политичката контрола од страна на Собранието, но и за самостојноста и независноста во дејствувањето на оваа институција. Потоа, во опсервацијата и известувањето за состојбите со имплементацијата на законите воопшто и посебно, а особено во доменот на остварувањето на човековите права и слободи со акти и дејствија на органите на управата и другите институции со јавни овластувања. Актите и дејствијата на овие органи и институции како елементи на извршната власт за политичка контрола на Собранието, затоа што преку нив доаѓа до израз оценката на законитоста на актите и законитоста на политиката на извршувањето на законите.

Поднесувањето на Извештајот пред Собранието и расправата по оние делови кои ќе го привлечат вниманието на пратениците, а подоцна и на другите агенси кои со пошироко дистрибуирање на Извештајот во јавноста, ќе имаат можност да се запознаат со работата на Народниот правобранител, е форма и прилика за верификација, но и за корекција, надградување и поттикнување на натамошните активности во извршувањето на работите од неговиот делокруг. Таков придонес јас очекувам и од расправата по Извештајот во овој дом и од пошироката јавност.

Почитувани пратеници, јас како носител на функцијата Народен правобранител на Република Македонија, навистина се чувствувам почестен што денес ми е дадена можност јавноста и Вас преку ова експозе, за елементарните прашања да ве воведам во овој Извештај.

На почетокот веднаш да напоменам дека основањето и дејствувањето на институцијата Народен правобранител во нашиот правен поредок од широката јавност и

граѓаните на Република Македонија е примено мошне позитивно, со чувство на доверба и верување дека како заштитен механизам на правата и слободите на човекот има поле на кое може и треба да дејствува и да постигнува резултати. Ваквата негова промоција не може да биде израз на определена потврда, дека Народниот правобранител се вгради како еден од генераторите во системот на институции, кои го поттикнуваат и заштитуваат развојот на демократските институции како елемент и израз, но и со повратно влијание за развојот на демократските процеси, посебно значајни за земјите што ја минуваат фазата на транзиција, како што е Република Македонија.

Дозволете ми да истакнам некои карактеристични содржини на Извештајот.

Извештајот ја претставува правната рамка што се однесува на основањето и дејствувањето на Народниот правобранител, востановено со одредбата на член 77 од Уставот на Република Македонија и одредбите на Законот за Народниот правобранител за основањето, делокругот, постапката и начинот на работа.

Народниот правобранител е основан со функција на механизам што треба да ги заштитува правата и слободите на граѓаните. Тргнувајќи од таа основна теза во Извештајот, извештајот е со прагматичен пристап, осврт и приказ со цел да ја изрази состојбата од дејствувањето на таквиот механизам и тоа не на севкупниот комплекс на правата на граѓаните утврдени со Уставот и законите, туку на оние кои се предмет на остварување во однос на јавната управа и граѓанинот, при што не може да се изостави нагласката, дека тој нивен однос и остварувањето на тој дел на правата има суштествен одраз генерално врз вкупните права на граѓаните и воопшто на правната заштита на граѓаните во Република Македонија.

Во овој контекст треба да се нагласи дека битните остварени промени кои се во тек на натамошното доизградување на политичкиот систем и правниот поредок, како резултат на што е остварен нов уставно правен и вредносен систем на правата и слободите на човекот, нема да бидат целосни ако реализацијата на овие права и нивната вредносна оценка не биде проверена и обезбедена и преку соодветната дејност на управата и другите механизми со јавни овластувања и ако во дејствувањето на овие органи и институции се манифестира само авторитарна управа низ донесување општи акти, мерки на управен надзор и репресивни мерки, како и поединечни акти и воопшто вршење на јавни овластувања врз одреден класичен вид, за кој суштествена карактеристика е бирократскиот однос, а граѓанинот и неговите права се помалку или најмалку важни.

Затоа, Народниот правобранител и законски и во практичното дејствување, е ронтиран во доменот на дејствувањето на управите и заштитата на правата од акти и дејствија на управата. Овде сакам да истакнам дека остварувањето на правата на граѓаните ќе има објективно реални изгледи да биде реализирано, ако напоредно со дејствувањето на Народниот правобранител се обезбедат процеси на дерегулација, ако она што е неопходно да биде регулирано со правна норма се третира како право кое претендира за остварување без интервенции на управата и нејзините акти, што значи без задушување на правата и слободите како природни вредности.

Од друга страна, тоа што е нужно правно да се нормира треба да се заснова врз основната идеја и основните начела со кои треба да биде исполнета правната рамка за односот јавна управа - граѓани. При ова прво барање е законот, покрај Уставот, таму каде што е овластен да ја доближи правната норма во смисла на полесно, по едноставно и непречено остварување на правото, второ, во таа комуникација да најде доследна примена на начелото без исклучок, како и стил на работа треба да биде сфаќањето дека државните органи не дејствуваат само со присилни средства, туку и со методи на советување, убедување, укажување стручна помош и други облици на соработка.

Понатаму широка примена треба да најде и начелото на ефикасност, во врска со заштитата на правата и интересите на граѓаните, а ништо помалку не е важно дека за правата на граѓаните треба да се води сметка во текот на водењето на целата управна постапка и тоа од иницирањето на барањето, до конечност на актот, до нејзино завршување во разумен рок.

Треба да се нагласи дека повеќе нема место за зборови, туку законодавството треба да се уреди во правец на битно намалување на бројот "потребни" уверенија, потврди, заклучоци и други документи за остварување на секојдневните стандарди, стандардизирани и типизирани права на граѓаните. Од исто значење се и прашањата за информираноста на јавноста и воведување на таква организациона мрежа на јавна управа, која лесно ќе комуницира со граѓаните.

Ако не постоењето на овие делумно споменати претпоставки се детерминанти што го остваруваат вниманието на Народниот правобранител преку дејствувањето на јавната управа, вистинската трансформација на овој сегмент на правниот поредок може да се постигне, доколку за современ управен систем не се смета се уште присутниот кај нас модел на управата, конципиран како апарат на

власта, ниту правниот систем да се проектира како нормативно правен модел за авторитативно административни структури со соодветни процедурални елементи, кои како што споменав, за име на вистината, се уште функционираат кај нас.

Наместо тоа, слободен сум да забележам дека во нашиот демократски правен поредок треба да биде конституирана управа во која ќе функционираат социјалните функции во нејзината работа, а на граѓаните таквата управа ќе им укажува јавни услуги. Тој и таков модел го обезбедува преобразување на јавната власт во јавна служба. Се до таквото конституирање на јавната управа, Народниот правобранител ќе се сретнува со поголема или помала бројка на сопствени превенции, со поголема или помала бројка на барања на граѓаните за заштита на нивните права и со помали и поголеми резултати со својата работа.

Народниот правобранител по својата природа треба да биде организиран и да дејствува како инокосен орган, а со оглед на големината на Републиката, нејзината територијална распространетост и воспоставената организација на управните и другите органи, тој дејствува како единствен централизиран орган со одреден број заменици и стручна служба, со остварување на одредени активности пропишани со закон, Деловник за работа и други општи акти.

Досегашните, иако почетни сопствени проценки, како и искуствата од дејствувањето на Омбудсманите во другите демократски системи, потврдуваат дека воспоставената организација, не разбивањето на функциите на одделни сектори, односно дејствувањето како единствен орган, обезбедува и дава резултати.

**БРАНКО НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Како што е наведено во Извештајот, концентрирано и централизирано дејствување обезбедува целосен увид во правната проблематика во Републиката, рационално користење на кадрите и насочување на активностите спрема најчувствителните области и најзагрозените подрачја. Постојната организација и поставеноста не е на штета на достапноста на институцијата до граѓаните, кои имаат интерес за неа. Напротив, обезбедена е широка комуникација преку бројни форми за тоа.

Да спомнам уште еднаш некои конкретни бројки, од доменот на работа во остварувањето на делокругот. Само по себе, а и во споредба во дејствувањето на омбудсманите во некои други земји, зборува бројката од 1.183 илјади престапи, поднесени од над 3.830 граѓани. При ова треба да има предвид и големиот број примени граѓани, извршени разговори во канцеларијата на Народниот правобранител или преку обиколката и непосредно остварените контакти во подрачјата на единиците на локалната самоуправа на територијата на Републиката и телефонските контакти од над 3.500 лица.

Треба да се забележи дека граѓаните поднесоа претставки од сите подрачја од Републиката, а нивниот број е поголем или помал, во зависност од големината на територијата, односно подрачјето.

Видот на интервенцијата на Народниот правобранител, а зависно од тоа и ефикасноста и ефектите од неговата работа, не треба и не може да се бараат низ определен број формални средства, како што се тужби, жалби или донесени решенија во форма и облик како одлуките на судовите, органите на државната управа и другите институции.

Одлука на Народниот правобранител е секоја негова интервенција, секое укажување на органот, давање мислење за одредена постапка, дури и барање објаснување за причините за одолжување на постапката или одредени сугестии и препораки во тој правец, затоа што неговата улога е таква. Имено, Народниот правобранител настапува супсидијерно, по поставеното барање или вложеното правно средство од граѓанинот кој остварува определено право. А, Народниот правобранител со своето интервенирање во тоа му помага. Од тие причини ефектите од работата треба да се оценуваат од аспект на вкупноста на комуникациите на Народниот правобранител со јавната управа и со граѓаните.

Во Извештајот, работата на Народниот правобранител е изнесено прегледно по области, при што паѓа во очи најчестите интервенции во областа на урбанизмот и градежништвото, потоа социјалната заштита, судството и тоа не во делот на пресудувањето, туку административниот аспект на постапувањето со предметите. Во рамките на судската управа, која спаѓа и одолжувањето на судските постапки, па пота следат имотно - правните односи и така натака. Практично, ова е сосема логичен одраз на областите во кои граѓаните и најчесто рефлектираат на остварувањето на своите права.

Извештајот содржи податоци и одредени видувања на органите на државната управа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања на кои се однесуваат претставките.

Од позиција на надлежност на Народниот правобранител, во Извештајот е изложен одреден комплекс на објективни и субјективни причини за пропустите и слабостите за оставување на правата на граѓаните. Извештајот, своето внимание го задржува и на соработката на Народниот правобранител со органите на државната управа и другите врз кои надлежно постапува, во кој дел од Извештајот видлива е оценката на незадоволство на Народниот правобранител од односот со спомнатите органи и тоа, не само поради нивото на службите со кои се остварува таа комуникација, туку пред се поради недопуштената, бавност да се постапи по барањето и да се даде потребен одговор.

Неизвесноста на резултатите од укажувањето на Народниот правобранител и инертноста во односот и слично.

Дадените примери од практичното работење се по карактеристични од работењето на Народниот правобранител, со укажување на позитивни примери, но исто така и појавните облици на повредите на правата на граѓаните во различни области.

На крајот се дадени оценки и заклучоци со општа позитивна оценка дека граѓаните, со користењето на редовните правни средства, преку постојните механизми во правниот поредок ги остваруваат своите права во комуникацијата со органите на државната управа и другите органи и организации што имаат јавни овластувања.

Општа констатација е дека позитивната оценка не е до крај задоволителна, затоа што се изменети вредносните мерила по прашањето како треба да се остваруваат слободите и правата на граѓаните во уставниот поредок на Република Македонија, кои темелни вредности се токму основните слободи и права на граѓаните, владеење на правото и слободата на се она што со Устав и закон не е забрането.

На крајот, сакам да го изразам своето уверување дека, како што се зацврстуваат и развиваат демократските слободи и корпусот на човековите права, така и Народниот правобранител со својата натамошна работа по детално и по ефикасно ќе дејствува во овој правец и дека граѓаните од вас, како нивните избраници, верувам очекуваат да ги подржите активностите и дејствијата на оваа стручна, не пристрасна, самостојна и независна институција и во рамките на вашите надлежности да преземете мерки за почитување на одлуките и дејствувањето на оваа институција, од органите и организациите со јавни овластувања врз кои надлежно постапува. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам господине правобранител за Извештајот што ни го поднесовте тука.

Дали некој бара збор по повод Извештајот на Народниот правобранител? (Никој).

Констатирам дека никој не се јавува за збор.

Во овој момент го заклучувам претресот.

Меѓутоа, по однос на одлучувањето сега имаме недоволен број пратеници присутни во салата.

Немаме кворум за работа.

Молам, да се утврди точниот број на пратеници во салата.

41 картица има во системот.

Господа, во овој случај, дозволете да соопштам дека по однос на произнесување околу Извештајот на Народниот правобранител на една од наредните седници ќе го ставиме на гласање.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен целиот, ви благодарам на трпението.

(Седницата прекина со работа во 17,45 часот).